МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
„ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН“
СВЕТИ НИКОЛЕ – БИТОЛА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



ФАКУЛТЕТ ЗА ПСИХОЛОГИЈА
СТУДИСКА ПРОГРАМА:

МАГИСТЕРСКИ ТРУД

СТРЕСОТ И НИВОТО НА СТРЕС КАЈ СТУДЕНТИТЕ НА ВОЕНАТА АКАДЕМИЈА „ГЕНЕРАЛ МИХАЈЛО АПОСТОЛСКИ“ – СКОПЈЕ

СТУДЕНТ: ДЕЈАН МЛАДЕНОВСКИ
БРОЈ НА ИНДЕКС:
МЕНТОР: ПРОФ. Д-Р ДИАНА БЕЛЕВСКА

Скопје, 2020

СОДРЖИНА

ВОВЕД 1
1. СТРЕС 4
1.1. Поим и дефинирање на стресот 4
1.2. Извори на стрес 7
1.3. Реакции предизвикани од стресот 11
1.4. Класификација на стресот 15
1.5. Методи за соочување со стресот 20
1.6 Ефекти од стресот 22
1.6.1 Психолошки ефекти на стресот 24
1.7 Физиолошки ефекти на стресот 27
1.8 Клучни елементи при совладување на стресот 28
2. СТРЕСОТ КАЈ СТУДЕНТИТЕ И ФАКТОРИ КОИШТО ГО ПРЕДИЗВИКУВААТ 31
2.1. Ментално здравје 31
2.2. Адолесценција 33
2.3. Стрес во академското опкружување 36
2.4 Стратегии на соочување со стресот 39
2.5 Заштитни фактори 42
2.5.1 Резилиенција (отпорност) 42
2.5.2 Оптимизмот како генерална диспозиција 43
2.5.3 Самоефикасност 44
2.5.4 Самопочитување 45
2.5.5 Ризични фактори 46
2.5.6 Песимизмот како генерална диспозиција 47
2.5.7 Немање социјална поддршка 48
2.6 . Причини за стрес кај студентите 48
2.7 . Симптоми кои укажуваат на стрес 50
2.8. Мерки за препознавање на стресот 51
2.8.1 Стресот, реалност за студентите ширум светот 52
2.9 Програми за превенција на стресот кај студентите 54
2.9.1 Техника на биофидбек 56
2.9.2 Автоген тренинг и други техники на опуштање 56

2.9.3 Техника на инокулација на стресот 57
3. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО 57
3.1. Предмет на истражувањето 57
3.2. Цел и карактер на истражувањето 57
3.3. Хипотези 58
3.4. Варијабли на истражувањето 58
3.5. Методи, техники и инструменти на истражувањето 58
3.6. Популација и примерок 60
3.7. Организација и тек на истражувањето 60
4. АНАЛИЗА НА ДОБИЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО 61
4.1. Дескриптивна анализа на примерокот на истражувањето 61
4.2. Анализа на резултатите од прашалникот 65
5. ДИСКУСИЈА 78
ЗАКЛУЧОК 81
КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА 83
ПРИЛОГ 86

ПОСВЕТА И БЛАГОДАРНОСТИ

Исполнувањето на целите е најголемата инспирација за постигнувањето на секој успех, а животот би бил монотон без поставување на тие цели. Најголемата енергија за достигнување на успехот ја имаме сите, без разлика на годините, и тогаш ги поставуваме темелите на нашиот натамошен развој. Мојот сон, познавајќи ги моите карактеристики и способности, беше и сè уште е да бидам високообразована личност и да поседувам сестрани познавања. Успешно и без потешкотии стигнав до ова ниво во моето академско образование, се стекнав со соодветни познавања и вештини и сум горд на себе за постигнатиот успех. Од сето тоа донесов заклучок дека можам да постигнам уште еден степен на повисоко образование и сè уште да се надоградувам. Целосното мое напредување не би имало олеснителни околности без поддршката на моите најблиски, семејството и пријателите и секако професорите на Меѓународен Славјански Универзитет „Гаврило Романович Державин“. Поради тоа сакам да им изразам голема благодарност за нивната неизмерна поддршка и поттик, како и во целокупниот мој развој, така и во вториот циклус на студии. Се надевам дека овој магистерски труд претставува еден убав, позитивен пример за една успешно завршена работа за сите студенти, постдипломци и докторанти, и ќе биде поттик за отварање на нови теми на работа во оваа област, како и соодветно истражување и решавање на настанати проблеми во нови дела од стручен и научен карактер.

АПСТРАКТ

Студирањето, како извор на стрес, може да има последици врз менталното, физичкото и психичкото здравје на една личност и овие последици можат да имаат долгорочен ефект. Успехот во справувањето со предизвиците на студентскиот живот е поврзано со многу фактори: зрелост, црти на личност, социјална поддршка, услови за живеење и веќе усвоени стратегии за справување со стресот. Стресот е појава којашто во денешното време сè повеќе се појавува кај сè поголем број на луѓе, а со тоа и кај студентите, поради што се неопходни мерки за негово препознавање и навремено воочување. Мерките за препознавање на стресот честопати се применуваат во зависност од бројот на луѓе што веруваат дека се изложени на потенцијален ризик од изложеност на стресови.

Во теоретскиот дел од магистерскиот труд ќе се обидеме да го дефинираме стресот, нивото на стрес и методите за соочување со стресот, преку достапната домашна и странска стручна литература од оваа област. Потоа ќе ги наведеме видовите на стрес, како и реакциите предизвикани од стресот кај поединците (како што се: физиолошките реакции, психичките реакции и промените во однесувањето). Во останатиот дел и понатамошниот текст од магистерскиот труд ќе го објасниме и анализираме стресот кој се јавува кај студентите и причините, т.е. факторите кои го предизвикуваат.

Преку спроведеното истражување, со помош на анкетен прашалник за стресот, кој ќе биде составен исклучиво за потребите на ова истражување, ќе се потрудиме да го утврдиме нивото на стрес кај студентите на Воената академија „Генерал Михајло Апостолски“ - Скопје, од прва и втора година на додипломски студии, а исто така и да го споредиме нивото на стрес кај истите студенти.

Клучни зборови: стрес, студенти, животни промени, стресни настани.

ABSTRACT

Studying as a source of stress can have consequences on a person's mental, physical, and mental health and these consequences can have a long-term effect. Success in coping with the challenges of student life depends on many factors: maturity, personality traits, social support, living conditions, and already adopted stress management strategies. Stress is a phenomenon that nowadays is increasing in the number of people, and therefore in the students, which necessitates the measures for its recognition and timely detection. Stress recognition measures are often applied depending on the number of people who believe they are at potential risk of exposure to stress.

In the theoretical part of the master thesis we will try to define stress, stress levels and methods of coping with stress, through the available domestic and foreign specialized literature in this field. We will then list the types of stress as well as the stress-induced reactions in individuals (such as physiological reactions, psychological reactions, and behavioral changes). In the remainder and further of the master thesis we will explain and analyze the stress that occurs on students and causes, ie. the factors that cause it.

By conducting the research using a stress questionnaire designed exclusively for the purpose of this research, we will try to determine the level of stress among the students of the Military Academy General Mihajlo Apostolski - Skopje, from the first and second undergraduate years. studies, and also to compare the level of stress among the same students.

Key words:stress, students, life changes, stressful events.

АБСТРАКТ

Обучение в качестве источника стресса может иметь последствия для психического, физического и психического здоровья человека, и эти последствия могут иметь долгосрочные последствия. Успех в решении проблем студенческой жизни зависит от многих факторов: зрелости, личностных качеств, социальной поддержки, условий жизни и уже принятых стратегий управления стрессом. Стресс - это явление, которое в настоящее время увеличивается в количестве людей, а следовательно, и в учениках, что требует мер по его распознаванию и своевременному выявлению. Меры по распознаванию стресса часто применяются в зависимости от количества людей, которые считают, что они подвержены потенциальному риску воздействия стресса.

В теоретической части магистерской диссертации мы попытаемся определить стресс, уровни стресса и методы борьбы со стрессом, используя доступную отечественную и зарубежную специализированную литературу в этой области. Затем мы перечислим типы стресса, а также вызванные стрессом реакции у отдельных лиц (такие как физиологические реакции, психологические реакции и поведенческие изменения). В оставшейся части и далее магистерской диссертации мы объясним и проанализируем стресс, который возникает у студентов и причин, т.е. факторы, которые вызывают это.

Проводя исследование с использованием опросника по стрессу, разработанного исключительно для целей данного исследования, мы попытаемся определить уровень стресса среди студентов Военной академии генерала Михайло Апостольского - Скопье, начиная с первого и второго курса бакалавриата. исследования, а также для сравнения уровня стресса среди одних и тех же студентов.

Ключевые слова: стресс, студенты, жизненные изменения, стрессовые события.

ВОВЕД

Стресот е составен дел од модерниот, брз живот и никој не е поштеден, без разлика во кој период од животот се наоѓа индивидуата. Стресот е дефиниран како реакција на телото на промена, која е физички, ментален или емоционален одговор, а може да биде позитивен, што значи дека ги стимулира и ги мотивира поединците да ги извршуваат задачите подобро и поефикасно, или негативен, ако предизвикува разни болести и го загрозува менталното здравје на поединците, поради можна појава на депресија, анксиозност и несоница. Перцепциите за стресот варираат во голема мера и можат, меѓу другото, да бидат под влијание на гледиштето, мислењето и интересот на поединецот. Студирањето на приватните, или пак, на државните универзитетите, има стресен ефект врз запишаните студенти, особено кај студентите на Воената академија „Генерал Михајло Апостолски“ - Скопје.

За жал, студирањето се смета за многу стресно опкружување за учење и нивото на стрес кај студентите е повисоко отколку кај општата популација. Изворите на стрес се различни и се зависни од голем број фактори, како што се: својства и особини на личноста, возраста, структурата на семејството од кое потекнува индивидуата и слично. За студентите, извори на стрес може да бидат: испитните ситуации, независноста, фазата на премин кон зрела доба и изградба на нов друштвен живот. За време на студиите тие за првпат заминуваат од безбедниот семеен дом и добропознатото место, во нов град, околина, запознаваат нови луѓе и нов начин на студирање и учење, стануваат полнолетни, посамостојни и се принудени да донесуваат одлуки кои со себе можат да донесат и негативни последици. За секој поединец, ова се стресни ситуации, кои бараат соочување со новите предизвици во животот. Придружени се со тешкотии поради недостаток на слободно време, потрага по баланс во личниот живот, а многу често се јавуваат и финансиски проблеми.

Бројни истражувачи биле вклучени во разни истражувања за стресот кај преминот на младите во зрели години, особено за време на студирањето и психолошкото здравје на студентите.

Заклучокот, кој бил извлечен од овие студии, е дека студирањето е стресно за сите студенти, во поголема или помала мерка, и дека секој од нив има или развива начини за справување и соочување со стресот.

Гоф (2011) идентификува три главни стресори кај студентите. На прво место го истакнува самиот стрес, што се јавува кај 38% од студентската популација, потоа потешкотии при спиењето, а третиот стресор е анксиозноста, која била забележана кај 26% од студентската популација.

Ратус (2001) наведува дека: „Стресот означува барање од организмот за прилагодување, соочување или издржување“. Потребно е одредено количество на стрес за да нè предупреди и мотивира да дејствуваме. Таквиот стрес се нарекува здрав стрес – еустрес (Сели, 1980). Авторите Волш и соработниците (2010) и Мореира и Телзер (2015) посочуваат дека студентите, за разлика од другите лица од иста возраст, имаат повеќе психолошки проблеми. Добиените резултати не се изненадувачки ако некој знае колку енергија и напор вложуваат поединците во потрага по потребната литература и полагањето на испитот, со постојано присуство на страв од можен неуспех.

Доколку не бидат преземени потребните мерки, стресот предизвикан од средината во која се наоѓаат студентите на Воената академија „Генерал Михајло Апостолски“ - Скопје, може негативно да влијае на благосостојбата на студентите. Ако ништо не се смени, студентите можеби нема да можат да продолжат да учат, може да имаат потешкотии во интеракцијата со професорите и останатите студенти и да страдаат од персонализација, што значи дека психолошки ќе се дистанцираат од другите луѓе. На крајот на краиштата, овие студенти ќе доживеат пад на квалитетот на животот и лоши перформанси на факултет. Поради оваа причина, многу е важно да се утврдат факторите кои предизвикуваат стрес и влијаат на нивото на стрес кај овие студенти, преку спроведување на теренско истражување, што, всушност, претставува и главната цел на магистерскиот труд. Ова ќе им овозможи на креаторите на политики, академскиот персонал и администраторите, алатки што им се потребни за да ги променат своите наставни планови и/или околината за да бидат поповолни и прилагодени за студентите.

Поимот стрес има широка употреба како во науката, така и во секојдневниот живот. Различни научни дисциплини ги проучувале различните аспекти на стресот.

Стресот бил и останал предмет на интересирање на различни науки од областа на медицината, психологијата и општествените науки и затоа постојат голем број дефиниции за стресот, што ги опфаќаат аспектите на стресот кои се значајни за науката. Такво шаренило иако предизвикува збрка, истовремено укажува на ширината и значењето на овој проблем. Стресот е присутен во различни сфери на човечкиот живот и има различни причинители и последици. Во секојдневниот живот на човекот поимот стрес е општоприсутен. За него најмногу се зборува во негативна смисла, бидејќи најчесто има негативни последици. Загрижува фактот што стресот се смета за нормална појава во животот на современиот човек, што ги погодува сите генерации. Првите дела за стресот датираат во триесеттите години на 20 век. Во областа на филозофијата ги пишувал Валтер Кенон. На стресот се гледало како на физиолошки одговор на организмот на промени во средината, што барало одредено прилагодување. Оваа идеја доживеала полна афирмација во делата на Ханс Сели, којшто се смета за заслужен за воведување на поимот стрес во науката. Тој го дефинирал стресот како општа адаптациска реакција на организмот, што е предизвикана од штетни и неповолни влијанија од надворешната и внатрешната средина. Таа реакција ја нарекол генерален адаптациски синдром (ГАС). Дефиницијата што ја предлагаат Лазарус и Фолкман и Алдвин, претставници на трансакционистичкото сфаќање за стресот, посебно ја истакнува субјективната проценка, благодарение на некои настани што се карактеризираат како закана, губење и предизвик. Во 1936 година, англискиот физиолог Ханс Сали терминот го презел од физиката бидејќи означува долготрајно влијание на разни фактори – стресори врз живи организми и извршил многу истражувања на лабораториски животни (Selye, "Stress in health and disease", 1976). Тој стресот го дефинира како „неспецифичен одговор на телото на секое барање за промена, односно општа реакција на организмот кога настануваат измени во внатрешната или надворешната средина“. Тој всушност го објаснува кружниот модел на стресот, односно адаптацијата, реакцијата на организмот и општиот адаптационен синдром.

Најопшто кажано, стресот е вознемирувачко животно искуство што го следат биохемиски, физиолошки и когнитивни промени и промени во однесувањето во настојување личноста долгорочно да се прилагоди на ситуацијата во која се загрозени неговите витални вредности. Пролонгираната изложеност на влијанија, секако, имаат ефект и на работната способност. За негативното влијание на професионалниот стрес и

различните професионални болести, настанати под негово влијание, доволно зборува податокот што за ова се расправало во делата пред да се утврди што е професионален стрес. Влијанието на стресот на вработниот човек е големо. Предизвикува пречки во физичкото, социјално и во работното функционирање, што може да доведе до паѓање на продуктивноста и до појава на некои заболувања. Од каде се изворите на стрес на работа, кои се професиите под постојан стрес, како да се управува со стресот и сл. е прашање за кое расправаат денешните научници (Dragana Stanojevic, Biljana H.Milosevic, Универзитет у Приштини са привременим седиштем у Косовској Митровици, Филозофски факултет, Катедра за психологију, 2011). Светската здравствена организација истакнува дека речиси 75% од болестите се предизвикани од стрес. Уште на крајот на 21 век УНЕСКО стресот го прогласи за болест на 21 век.

1. СТРЕС

1.1. Поим и дефинирање на стресот

Поимот стрес првично е поим од областа на инженерската технологија и се однесува на надворешна сила која дејствува на некој предмет, а резултатот од ова делување е тензија (напор), што доведува до привремени структурни промени во објектот/предметот на кој делува стресот. Денес, сепак, овој термин го среќаваме секојдневно кога станува збор за психичките напори на современиот живот и влијанието на овие напори врз органските промени и здравјето на луѓето (Havelka, 1995).

Современиот начин на живот е полн со тензии со кои се соочуваме секој ден. Забрзаното темпо на живот, меѓучовечките односи, борбата за моќ, социјалниот статус, долгорочното образование, се дел од постојаните извори на стрес. Стресот е предмет на интерес и на истражувања во рамките на многу научни дисциплини, како што се: биологијата, психологијата, медицината, социологијата, а за него се пишува и во популарната литература. Интересот е оправдан ако се земе предвид дека денес е

потврдено дека голем број болести се директно или индиректно етиолошки поврзани со стресот, а тоа се рефлектира и на други важни аспекти на општествениот живот[1].

Самиот назив ***„stress“*** потекнува од средновековниот англиски јазик (анг. напор, вознемиреност, страдање, болка или тага) и е модерен термин што означува состојба на организмот во која доживува закана за сопствениот интегритет. Се користел како термин уште во 14 век, во смисла на страдање, тегоба, вознемиреност, неприлика, несреќа или тага. За првпат во научна употреба бил воведен во контекст на физикалните науки во 17 век, додека во 19 век се користел и во медицината, каде се зборувало за стресот како причина за заболување, а во бројни случаи бил поврзуван и со ангина пекторис (Knežević, 2010). Валтер Канон (Walter Cannon, 1932) го сметал стресот како нарушување на хомеостазата поради студ, недостаток на кислород, низок шеќер во крвта и слично. [2]

Во најширока смисла, стресот е физичка и психолошка реакција на надворешни и внатрешни стресори. Стресот, тогаш, не е ситуација во која индивидуата се наоѓа, туку реакција на таа ситуација. Ако ситуацијата има заканувачки карактеристики, не мора да предизвикува стрес ако поединецот одлучи дека има начини и способности со кои без опасност и напори ќе може да ја издржи ситуацијата. Ако некое лице треба да ги мобилизира своите дополнителни физички и психички потенцијали да се спротивстави или да се прилагоди на ситуацијата со која се соочува, тогаш се работи за стресна состојба. Тогаш велиме дека на поединецот делува некој стресор кој предизвикува состојба на стрес (Havelka, 2002). Денес стресот е дефиниран како збир на реакции на прилагодување на организмот кон стимули од различни видови, како што се: емоции, промени во исхраната, бурното живеење. Така, тоа е реакција на телото на ситуации во кои индивидуата се чувствува загрозена во однос на неговото/нејзиното физичко или ментално здравје (McEwen & Morrison, 2013).

Ханс Сали, канадски лекар и научник, започнал да го употребува стресот на многу специфичен начин во 1936 година, обележувајќи со него хармоничен сет на телесни одбрани од штетни стимули од кој било вид. Во својата прва публикација за

[1] Larsen, R.J., Buss, D.M. (2008). Stres, suočavanje, prilagodba i zdravlje. U K. Matešić (Ur.), *Psihologija ličnosti.* (str. 566-600). Jastrebarsko: Naklada Slap.

[2] Lazarus R.S., Folkman, S. (2004). Pojam stresa u biološkim i humanističkim znanostima. U K. Matešić (Ur.), *Stres, procjena i suočavanje* (str. 1-20). Jastrebarsko: Naklada Slap

стресот во 1936 година, Сели го дефинира како „неспецифичен исход на секое барање што му е наметнато на организмот“. Во бројните лабораториски експерименти што ги спровел со животни, кои ги изложувал на различни физички и емоционални дразби (силна светлина, заглушувачка бучава, екстремна топлина или студ, фрустрации), тој забележал дека кај сите животни се јавиле патолошки промени, како што се: стомачен чир, намалување на лимфното ткиво и зголемување на надбубрежните жлезди. Подоцна покажал дека изложеноста на постојан стрес предизвикува различни заболувања кај експерименталните животни, како срцев удар, мозочен удар, бубрежни заболувања, ревматоиден артритис итн., па заклучил дека истото се јавува и кај луѓето. Овие наоди послужиле како основа за моделот на физиолошки стрес, според кој до болест доаѓа заради нарушување на рамнотежата на организмот под дејство на надворешни и внатрешни фактори. Тој го воведол поимот **„стресори“** за стимули (стимулатори) кои предизвикуваат стрес. Според него, поимот стрес се однесува на физичките ефекти на кој било стимул што сериозно се заканува на рамнотежата на организмот, за што денес се користи терминот стресен одговор, т.е. стресна реакција. Реакцијата на стресот е од невро-ендокрин карактер и се манифестира како збир од симптоми кои го чинат **општиот адаптивен синдром** (GAS). Сели претпоставува дека организмот реагира на закана или повреда од истиот пакет на општи неспецифични реакции (општ адаптациски синдром), што го опишува во три фази:

1. ***Фазата на аларм***, може да трае од неколку часа, до неколку дена. Постои мобилизација на телесни ресурси, односно зголемена активност на надбубрежната жлезда, кардиоваскуларна и респираторна функција. Организмот се прилагодува на стресот и ги користи сите резерви за да се прилагоди.
2. ***Фаза на отпорност (резистентност)***, се јавува кога телото е постојано изложено на каков било стимул за стрес. Во текот на оваа фаза, отпорноста на стресниот стимул е релативно константна, но отпорноста на други стимули се намалува. Ако изложеноста на стресни стимули е долготрајна, постои постепено намалување на постигнатите адаптации.
3. ***Фазата на исцрпеност*** трае сè додека барањата за организмот се интензивни. Во оваа фаза, невроендокриниот систем има намален капацитет да лачи одбранбени хормони, така што имунолошкиот систем функционира со намалена ефикасност. Организмот потоа станува поранлив на некои функционални (како

настинки и грип) или структурни заболувања (на пример, чирови), а во некои случаи може да доведе и до смрт (Knežević, 2010).

Стресот, според Сели, е нормална адаптациска реакција, која воедно е сигнал за опасност и за подготовка за одбрана. Тој станува патолошки ако откажат или се исцрпат механизмите на одбрана, или ако силата на агресијата ги надминува одбранбените капацитети.

Идеите на Сали се корисни бидејќи потсетуваат дека стресот не е нешто што можеме да го избегнеме, туку тој е неизбежен и составен дел од животот, дури во одредена мерка и пожелен. Тој смета дека секој стрес или стресна ситуација не делува штетно за организмот.[3]

Теоријата за стресот на Сали ја отвори вратата за истражување за влијанието на многу психолошки фактори врз здравјето и настанувањето на болестите. Теоријата на Сели го дава точно тоа што им недостасуваше на психоаналитичките теории за настанувањето на психосоматските болести, затоа што овозможува експериментално тестирање на претпоставките за влијанието на разни надворешни и внатрешни фактори (физички, биолошки, социјални, психолошки) врз појавата на здравственото оштетување, како и експериментална верификација на ефективноста на различните интервенции во превенцијата на таквите оштетувања (Havelka, 1995).

1.2. Извори на стрес

Од повеќето различно поставени дефиниции за стресот, наједноставно може да се дојде до заклучок дека стресот е несакана појава која се јавува кај сите луѓе кога тие ќе се најдат во сутуација брзо да реагираат или да се приспособат на новонастанатата ситуација. Тоа е една неизбежна појава и секоја единка може да се најде на изложеност на појавата на стрес, за што придонесуваат најразлични фактори, односно извори на стрес. Изворите на стресните состојби, односно животните настани што доведуваат до стрес, уште се нарекуваат и стресори.

[3] Lazarus, R.S., Folkman, S. (2004). Proces suočavanja: Alternativa tradicionalnim formulacijama. U K. Matešić (Ur.), *Stres, procjena i suočavanje* (str. 145-182). Jastrebarsko: Naklada Slap

Стресор е секој фактор, животен настан или ситуација која сериозно го загрозува или нарушува балансот на организмот, односно телесниот, психолошкиот и социјалниот интегритет на личноста и може да предизвика стресна реакција (Белевска, 2018) .[4]

Стресорите се најчесто причинители кои ја предизвикуваат појавата на стрес, поставувајќи високи побарувања од личноста, ставајќи ја под притисок да изврши одредено дејствие, за кое таа не располага со доволно капацитет. Стресорите можеме да ги разликуваме според должината на траење (краткотрајни или долготрајни), според интензитетот (слаби, умерени или јаки) или според реакциите кои ги предизвикуваат (физиолошки, психолошки, социолошки). Можат да бидат од различен обем, можат да имаат ограничени, но и видливи ефекти и можат да поттикнат верижна реакција на случувањата во различни периоди од животот на единката.

Присуството на изворите на стрес е евидентно насекаде околу индивидуата, како во секојдневниот приватен живот, така и во општественото живеење, односно на работните места во организациите, во студентскиот живот и слично.

Стимулансите за стрес т.е. стресорите различно се категоризираат во различни студии. Најчестата категоризација на стресни ситуации е онаа што вклучува:

а) големи животни промени (брак, завршување на образование, смрт на некој близок);

б) хронични стресни настани (невработеност, кавги во семејството);

в) трауматски настани (природни и технолошки непогоди, воени ситуации и лична траума) и

г) секојдневни стресни ситуации (гужва, брзање, нељубезност на луѓето).

Сепак, разликата помеѓу одделните категории не е остра, и се поставува прашањето дали стресните стимули треба да се категоризираат според интензитетот или според нивните последици (Hudek-Knežević, 2005).

[4] https://www.psihocentrala.com/poremecaji/anksioznost-fobije-panika-i-somatizacija/stres-stresor-i-stresne-reakcije/ (посетено 12.10.2020)

Големите промени во животот се важни и значајни промени, како што се: губење на некоја блиска личност, раѓање на дете, развод, преселба во друг град, губење на работа и слично. Овие животни околности се различни од секојдневните проблеми затоа што се јавуваат поретко и можат да бидат позитивен предзнак. Холмс и Рах составиле стандардизиран список на стресни настани, наречен „Скала за оценување на социјалното прилагодување“. Највисок степен има смртта на сопружник. Интересно е што бракот и одењето во затвор се категоризираат како подеднакво стресни настани (Daruna, 2004).

Табела 1: Пример од скалата за социјално прилагодување

Ранг	**Животен настан**	**Единица на прилагодување средна вредност**
1	Смрт на партнер	100
2	Развод на брак	73
3	Раздвоен живот од партнерот	65
4	Отслужување на затворска казна	63
5	Смрт на близок член од семејството	63
6	Лична повреда или болест	53
7	Склучување на брак	50
8	Отказ од работа	47
9	Пензионирање	45
10	Брачна кавга	45
11	Промена во здравјето на член од семејството	44
12	Бременост	40
13	Сексуални тегоби	39
14	Нов член во семејството	39

15	Прилагодување на работа	39

Извор: Daruna, J. H. (2004.): Introduction to Phychoneuroimmunology (First Edition). Elsavier Inc

Хроничните стресни настани траат подолго и се повторуваат почесто во подолг период. Ова се, на пример, долготрајните болести, тензии во меѓучовечките односи, семејни проблеми, работни проблеми, финансиски тешкотии. Студиите покажаа дека долгорочните настани со хроничен стрес имаат поголем ефект врз здравјето, отколку краткорочните големи промени во животот (Hudek-Knežević, 2005).

Стресните ситуации, исто така, се **секојдневни проблеми**, како што се: сообраќаен метеж, разочарувања кај луѓето, брзање, бучава. Резултатите од некои студии дури покажуваат дека нивното влијание врз здравјето е поголемо од влијанието на поголемите животни проблеми, што се објаснува со кумулативниот ефект на секојдневните проблеми (Hudek-Knežević, 2005).

Големите кризни ситуации и траумите можат да се поделат во три групи:

1. природни и технолошки непогоди,
2. воена траума,
3. лична траума.

Големите катастрофи имаат заеднички карактеристики:

а) се случуваат одеднаш и без предупредување,

б) се случуваат во краток временски период,

в) не само што индивидуата е загрозена по живот, туку и неговото или нејзиното семејство и најблиските се исто така под закана,

г) индивидуата има мала контрола врз ситуацијата.

Сепак, големи катастрофи им се случуваат на голем број на луѓе и има голем интензитет на социјална поддршка. Се проценува дека 50-76% од луѓето доживуваат некое трауматско искуство во текот на животот, а потоа 10-30% развиваат акутно стресно нарушување или посттрауматско стресно нарушување. Акутното стресно нарушување се дијагностицира веднаш по траумата и трае до една недела, додека

посттрауматското стресно нарушување вклучува хроничен одговор по траумата и започнува еден месец по траумата. Се карактеризира со симптоми, како што се: присилни мисли, чувства на изолација, избегнување на луѓе и мисли, изразување емоции како да е стресниот настан сè уште присутен. Од овој синдром најчесто заболуваат војниците (Hudek-Knežević, 2005).

1.3. Реакции предизвикани од стресот

Стресот е состојба или чувство со кое се стекнува една личност во моментот кога од неа се бара да вложи повисоки лични и социјални ресурси отколку што поседува. Тоа е моментот кога индивидуата се соочува со недостаток од време, способности, енергија и желба да ги заврши своите обврски ефективно и навремено.

Степенот, т.е. нивото на стресно искуството кое ќе го доживее една индивидуа, е делумно зависно од тоа колку таа е способна да се сноси со обврските кои ѝ ги наметнува самата работа, и начинот на кој таа ги сноси обврските и одговорностите и соочувањето со промените кои настануваат ненадејно.[5]

Доколку се земе предвид дека стресот е ситуација на неоправдан страв, во човековиот организам се активираат два физиолошки системи. Еден од нив е автономниот нервен систем (системот кој ги контролира срцето, белите дробови, стомакот итн.), а другиот е ендокриниот систем (системот на жлезди со внатрешно лачење). Во состојба на стрес се излачува големо количество на адреналин, срцето забрзано чука, рацете треперат, дишењето се забрзува итн. Ендокриниот систем во стресни ситуации стимулира лачење на хормони во крвта, посебно адреналинот кој го зголемува количеството на крв, а со тоа и крвниот притисок во организмот.

Стресот е признат во современиот свет како важен фактор што влијае на здравјето. Индивидуалната проценка на објективната состојба или настан во голема мера влијае на појавата на реакција на стрес кај поединец. Одговорот на поединецот на стресот е резултат на преклопување на индивидуалната чувствителност, надворешните

[5] Pozos-Radillo, B.E., Lourdes Preciado-Serrano, M., Acosta-Fernandes, M., Angeles Aguilera-Velasco, M., Delgado-Garcia, D.D. (2014). Academic stress as a predictor of chronic stress in university students. *Psicologia Educativa, 20*(1), 47-52

околности и стресорите. Индивидуалната чувствителност се определува според личноста, возраста и начинот на живот. Надворешните околности вклучуваат околина, семејство, пријатели и работна атмосфера. Болестите предизвикани од прекумерен стрес зависат од сите три фактори.

Реакциите на стресот можат да бидат: **психолошки, бихевиорални** и **физиолошки** (Knežević, 2010).

Психолошките реакции на стресот може да бидат: зголемување на вознемиреноста, проблеми со концентрацијата, негативни емоции, губење на внимание, депресија, замор, синдром на согорување (анг. Burnout syndrome) или пораст на самоубиствата.

Психолошките реакции ги делиме на две групи и тоа на: емоционални и когнитивни реакции.

Емоционални реакции. Секоја стресна ситуација предизвикува голем број емоционални реакции, во зависност од специфичноста на ситуацијата. Овие емоционални реакции може да бидат страв, бес, омраза и бројни други емоции, кои се јавуваат со акутна стресна реакција или, пак, апатија, потиштеност, беспомошност, тешкотии, чувство на вина. Овие реакции го мобилизираат поединецот на активности (однесување), со кои им се спротивставува на стресорите или го прифаќа стресот со сите негови последици. Промените во психолошкото функционирање во текот на стресот можат да бидат толку интензивни, што можат да примаат димензии на психолошка криза. Кризите се бурни и драматични психолошки состојби во кои се доведува во прашање скоро целокупното функционирање на личноста, нејзините избори, верувањата и слично. Кризите секогаш најавуваат промена, која не е делумна, туку целосна и суштинска.

Когнитивните реакции помагаат при зголемена мака, подобра концентрација, поквалитетно просудување, побрзо одлучување и подобро реагирање на стресната ситуација, или, во зависност од јачината на стресот и нашата проценка, дали ќе можеме да се извлечеме, но може и да ни го отежнат соочувањето со стресната ситуација, преку нарушување на концентрацијата, расудувањето, логичкото мислење, меморијата и др.

Реакциите во однесувањето на стресот најчесто се повлекување и изолација на работа, дома или на училиште, пораст на несреќи, зголемена потрошувачка на цигари, алкохол или кафе, раздразливост, агресија, сексуални дисфункции, ниска мотивација за работа и меѓучовечки односи и зголемено насилство при работа и/или дома.

Студиите за последици во однесувањето од стресот често се комплицирани, затоа што овие последици се појавуваат во парови или тријади, аналогно на коморбидитетните шеми на хроничното заболување. Различни комбинации се повеќе правило, отколку исклучок. Добро познат пример е многу блиската асоцијација на стресот, пушењето цигари и употребата на кофеин. Друг пример се однесува на коморбидитетот од посттрауматски стрес, алкохолизам и злоупотреба на лекови/дрога. Во акутни состојби на стрес овие реакции можат да бидат во форма на однесувања насочени кон давање на отпор на стресорот или насочени кон избегнување на стресорите (реакција бори се или бегај). Однесувањето на поединецот во стресна ситуација може да биде насочено и кон прифаќање на стресорите како нешто неизбежно, како нешто што мора да се случува, па не е потребно ниту да се бори, ниту да бега. Кај хроничниот стрес може да се јават негативни облици на однесување, како деструктивно однесување, агресија кон себе и кон другите, асоцијално однесување, склоност кон претерано пушење, алкохолизам, зависност од дрога и сл.


Со работата на Канон и Сали (Cannon и Selye), во 20-тите и 30-тите години на минатиот век, започнуваат современите истражувања за психолошките, физички ефекти и нивната корелација со стресот. Многу од истражувањата се спроведени за да се испитаат физиолошките одговори на индивидуата кога е изложена на стресори. Веќе постојат и хормони коишто се нарекуваат „хормони на стрес“, а тоа се адреналинот и кортизолот. Овие хормони се нарекуваат така затоа што во организмот како одговор на стрес значително се покачува нивното ниво. Доколку се повторува хронично, тогаш покаченото ниво на овие хормони може да има трајни последици за здравјето на луѓето, особено заради ефектот на хормоните врз крвниот притисок и нивото на холестерол.[6]

Постојат три начини поврзани со стресот на коишто се создаваат физиолошките промени: како физиолошки одговор на проценката за одредена опасност или неуспех

[6] Csikszentmihalyin, M. (2006). Pobjeđivanje kaosa. U K. Matešić (Ur.), *Flow, očaravajuća obuzetost* (str. 349-379)

на стратегиите за справување; како физиолошки одговор на проценката за опасност кога активното справување не е ефикасно и како неспецифичен физиолошки одговор за време на првата фаза на аларм. Овие физиолошки одговори може значително да влијаат за појава на патологија во организмот, особено ако организмот е слабо подготвен за одбрана. Овие патолошки промени скоро секогаш настануваат кога организмот е подложен на стрес подолго време, односно кога стресните ситуации се повторуваат. Физичките ефекти од прекумерен стрес одамна се препознаени и тоа од срцеви напади и удари, до улкуси и други гастроинтестинални нарушувања. Континуираниот стрес, исто така, си го зема данокот од имунолошкиот систем на организмот, предизвикувајќи чести настинки и други болести. Психолошки, стресот може да доведе до депресија, анксиозност и дури до панични напади.

Физиолошките реакции на стресот, меѓу другото, вклучуваат: зголемување на нивото на кортизол, повисоко ниво на холестерол, висок крвен притисок, палпитации, болка во градите, несоница, појава на некои видови на карциноми, проблеми со варењето на храната, главоболка, коскено-мускулни нарушувања и намален имунитет (Knežević, 2010).



Слика 1: Кругови на загрозеност во состојба на криза – „Флипер“ учинок

Оваа слика покажува како масовната трауматизација, која погодува конкретни поединци (жртви), се пренесува на сè пошироки кругови луѓе кои се во контакт со жртвите и свесни за настанот кој ја погодил заедницата, се одразува („одбива како топче во флипер“) на целото општество и има социјално влијание на идните генерации. Стресот или психофизичката напнатост е секојдневна животна појава кај луѓето, а

способноста за приспособување кон стресот е мера на виталност на човечкиот организам. Стресот е „неспецифичен склоп на телесни промени“. Стресот е неопходен за да се живее. Познато е дека „комлетната ослободеност од стресови значи умирање“. Стресот е телесен и умствен процес на справување со неочекувани промени и опасности.

1.4. Класификација на стресот

Во литературата има голем број обиди да се воведе ред при разгледување на феноменот на стресот, со укажување на разликите помеѓу категориите на стрес, кои можат да се формираат според одредени критериуми.

Една од класификациите, претставена во литературата, е поделбата на стресовите на: **физички** и **социкултурни.** Категоријата на физички стрес има широк опсег. Опфаќа стресови поврзани со настани кои вклучуваат непосредна закана по животот (како пожари, сообраќајни несреќи итн.), па сè до оние поврзани со неповолни услови на животната средина, како што се загадување, бучава, итн.[7]

Социокултурната категорија на стрес е уште покомплексна. Социкултурните услови и настани можат сами да бидат стресови, или претставуваат околности што фаворизираат појава на други стресни настани или го влошуваат стресот на постојните состојби.

Според Пирлин (1989), стресот е функција на дистрибуција на социјалните ресурси и позицијата и улогата на поединците во општеството. Недостатокот на социјални ресурси ја зголемува веројатноста за појава на други стресни настани или го зголемува стресот на постојните. Покрај тоа, честопати еден стресен настан од социокултурна природа предизвикува појава на друг или повеќе стресни настани (на пример, разводот може да доведе до влошување на материјалната состојба, услови за прифаќање на работа под неповолни услови, што може дополнително да доведе до влошување на односите со децата и проблеми кај детското однесување).

[7] Brdar, I., Lončarić, D. (2003). Suočavanje s akademskim stresom i aktivnostima u slobodnom vremenu učenika. *Društvena istraživanja, 6*(74), 967-988

Структурата на социјалните улоги исто така може да ја поддржи појавата на стресот. Ова се случува кога социјалната улога вклучува премногу обврски или кога има конфликти помеѓу различни улоги (на пример, родителски и професионални), меѓучовечки конфликти во рамките на истата улога (конфликти помеѓу колегите, сопружниците и сл.). Неможноста да се промени социјалната улога кога е непожелна, или, обратно, присилно оставајќи ја посакуваната улога.

Очигледно, за да се разбере почетокот на стресот, потребно е да се има увид во социокултурниот и личниот контекст на поединецот кој е под стрес.

Стресните настани се разликуваат по временските карактеристики, што може да биде од голема важност за текот и ефектите, т.е. последиците од стресот. Поголемиот број на временски димензии на стресни настани заслужува внимание. Една од најважните е времетраењето на стресот. Стресорите можат да бидат долготрајни. Алдвин (1994) го наведува примерот на ветеранот од Втората светска војна, кој поминал пет години како морнар на брод, под постојана закана од напад од германски подморници. Стресорите исто така можат да бидат многу краткотрајни, како на пример, сообраќајна несреќа. Литературата за животните укажува на тоа дека физиолошките ефекти на стресот можат да бидат многу различни, во зависност од тоа дали стресот е краткотраен или хроничен, континуиран или не (Dienstbier, 1989).

Друга важна димензија е ненадејноста или очекувањето на стресен настан. Студиите за загуба индицираат дека ненадејноста на смртта може да влијае на јачината на несаканите ефекти (Parkes & Weiss, 1983). Од една страна, добро е познато дека фазата на исчекување на проблемот може да биде многу стресна, но од друга страна, дава можност да се подготвиме за појава на проблем, и психолошки („проактивно справување со стресот“; Taylor & Aspinwall, 1996) и практично. Меѓутоа, ако појавата на проблемот е премногу постепена, може да се меша во перцепцијата на реалната опасност.

Конечно, стресорот може да биде со различен *обем*. Може да има ограничени и јасно видливи ефекти, или може да предизвика верижна реакција на настаните во различни области на животот (како во случајот на развод).

Според *Американската психолошка асоцијација*, постојат три вида на стрес: **акутен стрес, епизодичен стрес** и **хроничен стрес** – секој со посебни карактеристики, симптоми и траење (http://www.apa.org/helpcenter/stress-kinds.aspx):

Акутниот стрес претставува најчеста форма на стрес. Во мали дози е возбудувачки, но во големи дози е изморувачки. Бидејќи е краткотраен, се јавува поретко и нема доволно време да направи поголеми штети како што може долготрајниот стрес. Се манифестира преку одредени симптоми, како што се: емоционален дистрес – комбинација на лутина и иритираност, анксиозност и депресивност, мускулни проблеми – тензиони главоболки, болки во грбот, болки во вилицата, стомачни проблеми, транзиторни покачувања на крвниот притисок, тахикардија, вртоглавица, мигренозни главоболки, влажни дланки, студени раце и стапала, болки во градите. Овие симптоми можат да се јават кај секого како последица на акутниот стрес и многу ефикасно можат да се третираат, така што по завршувањето на дејството на стресорите, организмот се враќа во првобитната состојба, т.е. во нормален тек.

Епизодичен стрес е чест кај луѓето со акутни стрес-реакции кои се пренагласени, на кои им недостасува време, кои се иритабилни, анксиозни и со тензија. Често тие се опишуваат себеси како да имаат многу „нервозна енергија“. Секогаш во трка, забрзаност, имаат тенденција да избувнат, интерперсоналните односи се намалуваат, така што светот станува многу стресно место за нив. Симптомите на епизодниот акутен стрес се симптоми на зачестени напади на пренагласување: главоболки, мигрена, хипертензија, болки во градите и проблеми со срцето. Третманот на епизодичниот акутен стрес подразбира интервенции на повеќе нивоа, првенствено професионална помош, која може да трае повеќе месеци.

Хроничен или континуиран стрес е оној каде што влијанието на стресорите е подолготрајно, го доживуваат луѓето кои се склони кон срцеви напади, тие се агресивни, нетрпеливи и имаат чувство за временска итност, забрзаност, несигурни се и често создаваат епизоди на акутен стрес. Исто така, еден вид форма на хроничен стрес доживуваат и беспотребно претерано загрижените луѓе, кои се песимистички расположени, секогаш се под тензија, анксиозни и депресивни.[8]

[8] https://www.motika.com.mk/postojat-nekolku-vidovi-na-stres-i-veruvale-ili-ne-nekoi-od-niv-se-dobri-za-vas/ (посетено 14.10.2020)

Додека акутниот стрес може да биде возбудлив и возбудувачки, хроничниот стрес никогаш не е таков. Тој е угнетувачки стрес, кој ги истрошува, изморува луѓето, постепено и постојано, создавајќи промени кои можат да се одразат на нивното здравје. Хроничниот стрес е кумулативен феномен кој може да се развива во текот на целиот живот, или пак, за неколку недели.

Хроничниот стрес ги уништува, ги разорува телото, умот, животот. Тој ја искалува омразата преку опустошување заради долготрајно трпење. Тој е стрес кој има моќ врз: дисфункционалните семејства, врз несреќните во бракот, врз оние чија работа или кариера се очајни, врз семејства каде што постојат зависници, каде што постојат хронични или ментални болести, каде што постои невработеност, кај непотполни или пренатрупани, проширени семејства, каде што постојат неадекватни меѓусебни односи итн.

Истражувањата покажуваат дека голем број луѓе повеќе се плашат од јавни настапи отколку од смртта, а овој страв е застапен кај повеќето луѓе. Важно е да се прави разлика помеѓу целта и перцепираниот извор на закана или страв. Меѓу најголемите извори на страв од јавно говорење е неможноста да се предвиди што ќе се случи кога студентот ќе го одржи својот говор или презентација пред други студенти. Со други зборови, акцентот е ставен на стравот од проценка и реакциите на околината. Постојат неколку аспекти на овој страв: страв од осуда и негативно оценување од средината, страв дека нема да биде доволно добар/добра, дека ќе направи грешки и/или ќе се засрами.

2.4 Стратегии на соочување со стресот

Кога се говори за стратегиите на соочување, во литература постојат различни стратегии на соочување, но повеќето модели ја опфаќаат почетната дистинкција на Лазарус и Фолкман (1984; според MacCann i sur., 2012; Mavar, 2009; Kozjak-Mikić, Perinović, 2008) меѓу соочување со проблемот и соочување со емоциите. Соочувањето со проблемот се однесува на активни стратегии што се однесуваат на решавање на проблемот, логичка анализа на настанот, потрага по информации и сл.[19] Овие облици на соочување имаат за цел решавање на проблемот што предизвикува стрес (Compas i sur, 2001). За разлика од таквиот облик на соочување, соочувањето насочено на емоциите се однесува на напорите чија цел е контролата или намалување на емотивната напнатост и тешкотиите поврзани со стресната ситуација и промена на интеракцијата што е одраз на таа ситуација (Mavar, 2009). Наведените стратегии се критикувани дека се премногу општи и дека различните стратегии можат да се поделат во две категории. Со оглед на критиките, некои истражувачи (Endler i Parker, 1990; prema MacCan i sur., 2012; Kalebić-Maglica, 2006) сметаат дека покрај овие два начини на соочување со стресот, постои уште еден, а тоа е соочување преку одбегнување. Тоа вклучува одвраќање на вниманието од изворот на стресот или нереагирање на самиот стресор и насочување на нова задача што не е поврзана со стресната ситуација или

[19] https://www.nzjz-split.hr/index.php/2-uncategorised/417-strategije-suocavanja-sa-stresom (посетено на 21.10.2020)

настан. Може да вклучи и одбегнување насочено кон луѓе, што се манифестира преку засилено дружење со луѓе од сопственото социјално опкружување - социјална диверзија. (Kozjak-Mikić i Perinović, 2008; Kozina, 2007) Секоја од овие стратегии има за цел намалување на стресот на различни начини:

- Соочувањето со проблемите овозможува намалување на стресот преку решавање на причините поради кои настанале стресните ситуации;
- Соочуваањето насочено кон емоциите настојува да го намали стресот преку емоционалната реакција на стресорот;
- Соочувањето преку одбегнување го намалува стресот преку одбегнување на истиот, ако е тоа можно.

Предмет на интерес, кога се говори за стратегиите на соочување со стресот, е влијанието на различни фактори, како што е возраста, полот и личноста. Кога се зборува за половите, повеќето истражувања на возрасни и адолесценти наоѓаат значајни полови разлики во користењето на стратегиите на соочување насочени на емоциите (Kalebić-Maglica, 2006; Kalebić-Maglica, Krapić, Lončarić, 2001; Krapić, Kardum, 2003). Истражувањата покажуваат дека жените повеќе ги користат стратегиите на соочување насочени кон емоциите во однос на мажите, но дека мажите, за разлика од жените, ги користат стратегиите на одбегнување. Што се однесува до стратегиите на соочување насочено на проблемот, резултатите биле конзистентни.

Резултатите од истражувањата на возраста, како фактор што влијае во одбирање на стратегијата на соочување, покажуваат дека адолесцентите се разликуваат од возрасните во користење на одредена стратегија, но и дека тие разлики се условно развиени (Kalebić-Maglica, 2006). Меѓу различни автори постои усогласеност дека со развојот на когнитивното функционирање, доаѓа до промена во примената на стратегиите на соочување со стресот. Покрај тоа, утврдено е дека примената на одредена стратегија зависи од различни околности на социјална поддршка (Rukavina, Nikčević - Milković, 2016). Истражувањата покажуваат дека адолесцентите често користат стратегија на одбегнување на директно соочување со проблемот, но и стратегија на агресија насочена кон изворот на стрес. Ако не можат стресот да го контролираат, адолесцентите користат делумен облик на одбегнување, како што е дистракција, когнитивно одбегнување (Kalebic-Maglica 2006; Mavar 2009). Адолесцентите повеќе ги користат менталните стратегии на одбегнување.

Адолесцентите применуваат поголем број стратегии за соочување со стресот и со тоа ја зголемуваат примената на ефективни и неефективни стратегии. Тие повеќе ги користат стратегиите насочени кон емоциите, но постарите адолесценти користат соочување, што станува префинето поради користењето на покомплексен јазик и развој на метакогнитивни способности, метакогнитивни способности (на пример, когнитивно преструктуирање на проблематична ситуација, употреба на самоинструкција со цел остранување на негативните емоции, можност за продуцирање на алтернативни решенија на проблемот итн. (Compas i sur., 2001).

Како и да е, стратегиите насочени кон решавање на проблемите се сметаат за најефикасни во сите ситуации, но постојат истражувања што покажуваат дека и стратегиите насочени кон емоциите и стратегиите на одбегнување може да бидат корисни, посебно во ситуации над кои лицата немаат контрола. На пример, соочување насочено на решавање на проблемот може да биде најкорисно во ситуации во кои лицата имаат контрола, бидејќи оставајќи ја ситуацијата нерешена, може да биде стресна во случај кога лицето ја насочи својата негативна емоционална реакција, што таа ситуација ја предизвикува. Спротивно на наведеното, соочување насочено на емоции и соочување со одбегнување може да биде корисно во ситуации кога лицето перцепира дека нема контрола затоа што обидот за решавање на проблемот над кој лицето нема контрола може да доведе до зголемување на стресот, а не до намалување (Sapranaviciute, Padaiga, Pauziené, 2013; MacCann и сор., 2012; Seiffge-Krenke, 2000).

Личноста, т.е. особините на личноста, се сметаат за уште еден предуслов за стратегиите за справување, кои луѓето ќе ги користат кога ќе се најдат во стресна ситуација. Личноста може да се влијае директно на изборот на стратегии за справување, ограничување или олеснување на употребата на специфични стратегии за справување, или индиректно, со влијание врз природата и сериозноста на стресните искуства или ефикасноста на стратегиите за справување (Connor-Smith, Flachsbart, 2007). Директните ефекти на карактерот на личноста можат да започнат во раното детство со развојот на биолошкиот систем и тенденцијата што може да влијае на изборот на стратегијата. Со оглед на тоа дека соочувањето е мотивирано од изложеноста на стрес, реакцијата на стресот, влијанието на личноста врз фреквенцијата, интензитетот и природата на стресните искуства, делумно можат да ги објаснат односите меѓу личностите и соочувањата. Конечно, одликите на личноста можат да влијаат на ефикасноста на стратегиите за соочување, на начин што за некои

поединци можат да бидат повеќе или помалку ефикасни, па дури и штетни за оние со различни карактерни особини.

2.5 Заштитни фактори

Според Лајтл (Little, 1999), заштитните фактори се дефинираат како заштитници кои ги намалуваат стресните и неповолни животни ситуации што можат да влијаат на индивидуата, а со тоа дејствуваат да спречат појава на психосоцијални тешкотии. Затоа, може да се каже дека тие се „непријатели“ на факторите на ризик, бидејќи го намалуваат нивното негативно влијание и го подобруваат прилагодувањето на една личност. Како што е случај со факторите на ризик, заштитните фактори исто така делуваат на индивидуално, како и на социјално ниво (според Bašić, 2009).

• Индивидуалните фактори претставуваат добро генетско наследство, развиени когнитивни вештини, лесен темперамент, оптимизам, емпатија, флексибилност, позитивна слика за себе и слично.

• Семејните фактори претставуваат позитивно семејно опкружување, семејна кохезија, развиена комуникација, приврзаност кон родителите, позитивни родителски вештини, вклученост на таткото во воспитување на децата, образување и вработеност на родителите, добар социо-економски статус (Doležal, 2006; Bašić, 2009).

2.5.1 Резилиенција (отпорност)

Отпорноста се однесува на концепт кога едно лице ги гледа несаканите ситуации како предизвик и успева да постигне задоволителни резултати и покрај факторите на ризик. Слична дефиниција дава и Гармези, кој наведува дека отпорноста се однесува на можноста за соодветно функционирање и покрај емоционалните потешкотии (според Doležal, 2006). Така Гармези и Гротберг (Garmzey,1991 и Grotberg, 1998) наведуваат дека отпорноста е важна на повеќе нивоа на функционирање и е поврзана со индивидуалните карактеристики на една личност, како што се: когнитивни способности, способност за градење приврзаност, темперамент на личноста. Покрај индивидуалните карактеристики, отпорноста е поврзана и со социјални, семејни

односи (како што се стил на родителство и семејни односи) и односи со заедницата (можности за образование и здравје, поддршка од врсници, итн.). Од горенаведеното, може да се заклучи дека индивидуалните карактеристики, како и социјалните карактеристики влијаат на развојот на отпорноста (според Doležal, 2006). Терминот отпорност многу често се користи за да се опишат три различни видови феномени (Masten, Best i Garmezy, 1991):

- Позитивен исход и покрај тоа што постои ризик за негативен или слаб исход;
- И покрај неповолните околности, позитивно функционирање. Отпорноста се однесува на можноста за одржување на внатрешна или надворешна рамнотежа под неповолни или заканувачки околности, користејќи сопствени ресурси, како што се мисли или постапки. Така, отпорноста претставува соодветно функционирање и покрај присуството на големи акутни или хронични стресори.
- Последниот концепт на резилиенција се однесува на успешна адаптација и покрај негативните искуства. Значи, претставува способност за опоравување од негативните искуства или трауми (според Zvizidć, 2015).

Постојат многубројни механизми што лицата ги користат при соочување со стресот и преовладување на негативните ситуации, но во последно време авторите на разни теоретски перспективи на стрес сè повеќе упатуваат на поимот резилиенција, развивање на психолошка отпорност како најефикасен механизам во соочување со неповолни околности (Hudek – Knežević i Kardum, 2005). Студиите покажуваат дека особините на отпорноста можат да се учат и да се усвојат, како и да се унапредат со текот на времето (Barat, 2010).

2.5.2 Оптимизмот како генерална диспозиција

Истражувачите по психологија на личноста Карвер и Скеир (Carver i Scheier, 1983, според Oláh, 2005) се првите кои ја потврдиле хипотезата дека оптимизмот како генерална диспозиција е задолжена за очекување на позитивен исход од стресниот процес (Augusto-Landa, Pulido-Martos, i Lopez-Zafra, 2011). Оптимистите, кои веруваат во сопствените можности при остварување на одредени цели, се во состојба релативно ефикасно да ги совладаат сите препреки при постигнување на посакуваните цели (според Bryant i Cvengros, 2004). Се покажа дека при перцепција на стресорите,

оптимистите, за разлика од песимистите, се склони помал број ситуации да ги доживуваат како закани и опасност и многу почесто се соочуваат со предизвици (Baldwin I sur., 2003). Исто така, емпириските резултати покажуваат дека оптимистите известуваат за помалку вознемиреност, што исто така е помалку интензивно. Овие луѓе, кога се занимаваат со стресни ситуации што можат да се контролираат, почесто и поефикасно користат проблематично насочени механизми за справување и кога се соочуваат со ситуации кои немаат можност за влијание, каде има неповратни загуби, тогаш тие се фокусираат на адаптивни механизми за справување насочени кон емоциите (Thompson i Gaudreau, 2008). Истражувањето на Шулман (Schulman, 1995) даде резултати дека оптимистичките интерпретации на студентите за настаните и ситуациите во кои се наоѓаат, се поврзани со академските достигнувања. Во истражувањата на Барет (Petersonи Barrett, 1987), целта беше да се испита дали е можно да се предвиди просекот на студенти врз база на нивниот стил на објаснување. Прво, стиловите на објаснување на студентите беа испитани со дистрибуција на прашалници на студенти од прва година, каде што тие ги проценуваа негативните настани според атрибутивните димензии. На крајот на годината, оценките на учениците беа споредувани со нивниот стил на објаснување, а резултатите покажаа дека учениците од оптимистички стил на објаснување добиваат подобри оценки, од учениците од песимистички стил на објаснување и дека имаат поконкретни цели и поактивно бараат повеќе академско советување.[20]

2.5.3 Самоефикасност

Развиената самоефикасност овозможува повеќе стресни фактори да се толкуваат како предизвик, додека луѓето со ниска самоефикасност, кои не веруваат во сопствената способност да се надминат, почесто имаат впечаток дека изгубиле нешто или се наоѓаат во опасна ситуација, па најверојатно ќе доживеат зголемено ниво на стрес поради овие негативни перцепции. Ниската самоефикасност е позитивно поврзана со одбегнување на одредено однесување, депресивни состојби и разни анксиозни пореметувања (Maddux, 2005). Резултатите покажуваат дека лицата со високоразвиена самоефикасност поуспешно и почесто користат стратегии за

[20] Schneider, S. (2016). *Coping, akademischer Stress und die Einstellung zur Leistungssteigerung durch Cognitive-enhancing Drugs.* Završni rad. Hamburg: MSH Medical School Hamburg

соочување насочени кон проблемот, додека употребата на механизмот за одбегнување е ретко застапена (Trouillet I sur., 2009). Во истражувањето на Зимерман, Бандур и Понза (Zimmermana, Bandure i Martinez Ponsa, 1992) родителските цели, самоефикасноста и личните цели на учениците беа испитувани како предвидувачи на академскиот успех. Резултатите покажаа дека верувањето на учениците во нивната способност за саморегулирање на учењето, влијаело на нивната самоефикасност, како и на зацртаните академски цели, но и на нивното крајно академско достигнување.

Истражувањето на Чемерс (Chemers и сор., 2001) покажа значајна самоефикасност и оптимизам кај студентите при нивното прилагодување на студиите. Резултатите покажуваат дека самоефикасноста е директно и индиректно поврзана со академскиот успех. Студентите кои покажаа голема доверба во сопствените способности при запишувањето, имаа подобри академски резултати од оние со пониско ниво на самодоверба, односно помала самоефикасност.

2.5.4 Самопочитување

Според истражувачите (Baumeister i sur., 2003.), врската помеѓу самодовербата и стресорите е последица на фактот дека несреќите, проблемите и назадувањата може да се сфатат како удар врз позитивната самодоверба. Се претпоставува дека позитивната самодоверба е основа на менталното здравје, како и заштитен фактор против негативните влијанија што му се закануваат (Mann i sur., 2004.). Самопочитта се заснова на перцепција за себе, што може или не е во согласност со реалните способности и квалитети на индивидуата. Се покажа дека ниската самодоверба, како и нестабилниот самоконцепт можат да влијаат на развојот на голем број нарушувања, како што се депресивни и анксиозни нарушувања, нарушувања во исхраната, како и злоупотреба на лекови (Baumeister i sur., 2003). Според претходните истражувања, може да се заклучи дека самодовербата не влијае директно на успешно завршување на задачата, но придонесува за зајакнување на упорноста по неуспехот (Baumeister i sur., 2003). Се претпоставува дека луѓето со висока самодоверба имаат поголемо чувство за контрола над ситуациите и затоа се повеќе склони да користат стратегии за справување. (Lane i sur., 2002). Според истражувањето, може да се заклучи дека самопочитта е поврзана со подобро целокупно прилагодување на студиите, како и

академско и социјално прилагодување како индивидуални фактори (Mooney и сор., 1991).

Во едно истражување (Hickman i sur., 2000) резултатите покажуваат дека глобалното самопочитување е предуслов за вкупно академско и социјално прилагодување. Во истражувањето што го спроведоа Дајнер и Дајнер (Diener i Diener, 1995) на 13.000 студенти во 31 земја, тие заклучија дека високата самодоверба е најсилниот предуслов за задоволството во животот и дека субјективната благосостојба и самодовербата во голема мера се поврзани. Една од улогите на самопочитување е да се намали чувствителноста на поединецот на стресни ситуации (Cassidy i sur., 2004).

Во истражувањето што го спроведоа Прајтчард и соработниците (Pritchard i sur., 2007) резултатите покажуваат позитивно влијание на самодовербата врз психофизичкото здравје на студентите на почетокот на нивните студии (Dautbegović i Zvizdić, 2018). Истражувањето за влијанието на психолошките и социјалните фактори врз прилагодувањето на студентите во првите години на студирање, покажува дека при објаснување на сите аспекти на прилагодување кон студирањето, самодовербата е најважниот фактор (Salami, 2011; prema Dautbegović i Zvizdić, 2018). Основата на менталното здравје претставува самопочитување и медијатор меѓу стресот и неговите психолошки ефекти на поединецот (Manenica и сор., 1995; според Dujmović 2012; според Dautbegović i Zvizdić 2018).

Овие резултати покажуваат дека ниската самодоверба може да доведе до поемотивни проблеми. Луѓето со ниска самодоверба се повеќе склони кон одвојување и пасивно прилагодување кон барањата на околината, отколку луѓето со умерено или високо самопочитување (Dautbegović i Zvizdić, 2018).

2.5.5 Ризични фактори

Факторите на ризик може да се дефинираат како фактори кои создаваат значителен притисок врз прилагодувањето и ја зголемуваат можноста за негативни исходи (Roisman, 2005; според Windle, 2011, според Maurović, 2015). Факторите на ризик можат да се поделат на индивидуални и контекстуални, нивното дејствување не е статичко, туку променливо. Затоа, нивните ефекти ќе зависат од периодот во кој

лицето е изложено на стрес, како и од дадените услови и околината во која се јавуваат. (Hawks i sur., 2000; prema Doležal, 2006). Според Шонерт (Schonert – Reichl, 2000), ризик факторите дејствуваат и на индивидуата и на целокупното ниво на општеството. Еден од најважните индивидуални фактори на ризик се: лошо социјално прилагодување, ниски когнитивни способности, биолошки карактеристики. Семејните фактори вклучуваат слаби семејни врски, конфликти и нетолеранција, слаба економска состојба на семејството и слично. Еден од најважните фактори на ризик на социјално ниво се: групи од врсници, врсничко насилство или злоупотреба и слаба поддршка од воспитувачите во училиштата. Овие фактори можат да го ослабнат развојот и еластичноста на детето, што го спречува во понатамошно прилагодување и соодветно справување со стресни ситуации. За факторите на ризик може да се каже дека имаат збирен карактер бидејќи тие дејствуваат во интеракција, каде што најчесто едниот го влече другиот (Kirby i Frazer, 1997; според Doležal, 2006). Ранливоста на стрес се однесува на заедничката функција на личноста и околината (Lazarus i Folkman, 1984). Едно лице е подложно на стрес кога факторите на животната средина, кои претставуваат важни вредности и цели на кои лицето е силно посветено и претставуваат повреда или закана, се загрозени, особено во ситуации што потенцираат негативни верувања за сопствените изгледи. (Lazarus i Folkman, 1984).

2.5.6 Песимизмот како генерална диспозиција

Надминување на стресот кај песимистите е помалку емпириски истражувано. Сепак, се чини дека луѓето кои имаат негативно обоени очекувања од иднината, почесто се фокусираат на своите негативни чувства и кога се справуваат со стресот имаат тенденција да користат механизам за избегнување. (Rand, 2009). Се покажа дека разните одбегнувања на однесување најчесто е употреблива стратегија за соочување со стресот кај песимистите (Thompson i Gaudreau, 2008). Голем број студии се фокусираат на стрес процесот и укажуваат на присуство на позитивни исходи кај оптимистите во споредба со песимистите (Augusto-Landa I sur., 2011). Во контекст на академските стресори, се покажа дека песимистите покажуваат поголема анксиозност на испитот, помалку се упорни во решавањето задачи, што дополнително влијае на послабите перформанси во тест - ситуации. (Carver i sur., 1983).

2.5.7 Немање социјална поддршка

Резултатите од истражувањето покажуваат дека социјалната поддршка е еден од најважните заштитни фактори при справување со стресот кај учениците. Недостатокот на социјална поддршка може да има негативно влијание врз физичкото и менталното здравје на учениците, а особено е поврзано со поголема чувствителност на стрес, развој на психосоматски симптоми и депресија. Истражувањето на Коен и Вилис покажа дека луѓето кои се во брак и имаат материјална и психолошка поддршка од пријатели и членови на семејството, покажуваат подобро здравје од оние кои имаат посиромашна социјална поддршка од своето опкружување (Cohen i Wills, 1985). При истражувањето што ја испитува врската помеѓу социјалната конкуренција и академските достигнувања, се покажа дека прифаќањето од врсниците е најдобриот показател за социјалното прилагодување или социјалната компетентност во училишните средини. Социјалните односи можат да влијаат на емотивната и мотивациската врска со училиштето, што исто така влијае на самото академско достигнување. Се покажа дека прифаќањето од врсници е позитивно поврзано со успехот на училиштето, но исто така е и предуслов за успешно прилагодување во иднина. (Obradović i sur., 2009).

2.6 . Причини за стрес кај студентите

Причините за појава на стрес се бројни, и од дидактички причини може да се наведат во следната низа:

- Содржина на самата студија - униформност и незначителност на задачите, недостаток на различност, непријатни и неинтересни задачи;
- Количина на материјал и темпо - премногу или премалку материјал, работа во временски рок;
- Време на предавање - фиксно и нефлексибилно време на настава, непредвидено подолго време на студирање заради несработена работа, слабо организирана работа на факултет;

- Учество и надзор - премалку учество во одлучувањето, премалку учество во дискусијата на предавањето;
- Улога во општеството - нејасна улога, спротивставени улоги, одговорност за луѓе, постојано решавање на туѓите проблеми;
- Меѓучовечки односи - лоши врски со колегите од факултет, насилство и досадување, осаменост;
- Организациска култура - лоша комуникација, нејасни цели;
- Баланс на студии и личен живот - спротивставени потреби на факултет и дом, недостаток на разбирање (Juras, K., Knežević, B. и др., 2009).

Луѓето кои имаат ниско себеценење и кои песимистички се гледаат и себе си и светот, или пак веќе се пренатрупани со стрес, може да се особено подложни на депресија. Стресот е сериозна ситуација. Според многу млади, факултетот е најдобриот период од животот. Посетувањето на факултет и студирањето воведува позитивни и негативни оценки во животот на адолесцентите од страна на родителите, професорите и други важни лица. На оваа возраст, исто така, постои разбирање за причините за успех и неуспех. Самооценувањето на една личност како успешна или неуспешна (доживува неспособност) и разбирањето на причините за успех и неуспех може да доведе до стрес и развој на научена беспомошност. Покрај тоа, факултетот, во кој и заради што се развиваат различни искуства за себе и светот, е одличен извор на стрес, а можеби и најголем за адолесцентите кои студираат. Многу истражувања говорат дека неуспехот на факултет и неговото напуштање и прекин на студирањето се поврзани со зголемување на самоубиството кај адолесцентите.

Социологот Роналд Питсер вели: „Голем број млади луѓе доживуваат големи стресови. Мораат да се соочат со физичките и емоционалните промени што ги носи пубертетот. Изложени се на притисок и на училиште.“ Според книгата „*Childstress!*“, еден обичен ден на училиште е „исполнет со проблеми и притисоци што создаваат стрес, проблеми во учењето, спортски активности, односи со врсниците и со наставниците“.[21]

1. [21] Ayers T.S., Sandler I.N., West S.G., Roosa M.W. (1996) A dispositional and situationa assessment of children’s coping: testing alternative models of coping, Journal of Personality. 64 (4) : 924-958

На некои места владее страв од насилство во училиштата, а да не спомнуваме колку млади сега се плашат од терористички напади и други несреќи. „Ако родителите постојано зборуваат колку е страшен светот“, пишува една тинејџерка, „ќе живееме во страв.“

Родителите треба да бидат извор на сила за своите деца. Но, господин Питсер вели: „За жал, кога децата и тинејџерите ќе се потрудат да разговараат за своите длабоки чувства, родителите честопати не ги сфаќаат сериозно, реагираат негативно, си наоѓаат оправдувања зошто не ги сфаќаат сериозно или, пак, ги игнорираат“. Во некои случаи, родителите не реагираат на потребите на своите деца затоа што се преокупирани со своите брачни проблеми. „Моите родители нон-стоп се караа“, вели младиот Тито, чии родители на крајот се развеле. Како што се вели во книгата „*Childstress!“:* „Тепачките и кавгите не се единствената причина за траума. Децата се вознемирени и од придушената нетрпеливост меѓу родителите, иако е прикриена со слаткоречиви зборови“[22].

2.7 . Симптоми кои укажуваат на стрес

Иако постојат огромни разлики помеѓу поединците кога се под стрес, веројатно сите имаат еден или повеќе од овие симптоми:

- Преголема или недоволна потрошувачка на храна;
- Други физички симптоми (проблеми со варењето на храната, главоболки);
- Проблеми со спиењето;
- Проблеми со дишењето (скратен здив, болка во градите);
- Преголемо консумирање алкохол, пушење и злоупотреба на дроги;
- Сексуална дисфункција;
- Чувство на презаситеност и беспомошност;
- Тешкотии во концентрацијата и донесувањето на одлуки;
- Чувство дека се брзаат или се под притисок;
- Загриженост, тензии или напади на паника;
- Тага или непријатност;

[22]https://wol.jw.org/mk/wol/d/r102/lp-mc/102005082#h=9

- Изолација, кавги, раздразливост.

Сеедно дали стресот се должи на работата или на училиштето, хроничниот стрес може многу лошо да се одрази врз здравјето на индивидуата. Еден медицински стручњак објаснува: „Она што се случува со телото кога е под стрес, може да се спореди со она што се случува со еден авион кога се подготвува да полета“. Да, кога сте под стрес, срцето почнува побрзо да чука, а крвниот притисок нагло се покачува. Ви се покачува и нивото на шеќер во крвта. Почнуваат да се лачат хормони. Истиот стручњак продолжува: „Ако стресот трае подолго, сите органи од телото што реагираат на стрес (мозокот, срцето, белите дробови, крвните садови и мускулите) стануваат или хиперактивни или хипоактивни. Со текот на времето, тоа може да доведе до физички или психички нарушувања“. Списокот на болести за коишто стресот многу придонесува е алармантно долг: срцевите заболувања, мозочниот удар, падот на имунитетот, ракот, мускулно-скелетните заболувања и дијабетесот, се само некои од нив.

Посебно загрижува тоа што мнозина, а особено младите, се обидуваат да го совладаат стресот на погрешен начин. Д-р Бети Јангс со жалење вели: „Жално е да се види дека, сакајќи да се ослободат од болката, тинејџерите излезот го бараат во алкохолот и дрогата, бегањето од часови, деликвенцијата, промискуитетот, агресијата и насилството и бегањето од дома - работи што им донесуваат многу пострашни проблеми од оние од кои се обидуваат да избегаат“.

Стресот е дел од современото живеење, не можеме потполно да го избегнеме. Но, како што покажува следната статија, можеме да направиме многу за да го држиме под контрола.

2.8 Мерки за препознавање на стресот

Показателите за стресот понекогаш се јасни, понекогаш дискусијата е доволна, а понекогаш стресот се маскира и е прикриен. Мерките за препознавање на стресот во студирањето честопати се применуваат во зависност од бројот на луѓе што веруваат дека се изложени на потенцијален ризик од изложеност на стресови. Тие главно опфаќаат мерење на важни психолошки и социјални фактори на работа, организирање

на работа и работно опкружување, како што се: квантитативни барања, обем на донесување одлуки, јасност на улогата на работниците и др. Денес најчесто се користат овие методи: индивидуални интервјуа и истражувања за поголем број на луѓе и комбинација од двата.[23]

Ако студентите се изложени на прекумерен стрес подолг временски период, тоа може да предизвика вознемиреност, повлекување, агресија, депресија, нарушувања во исхраната, физички заболувања, или може да доведе до очајно лошо управување со стресот преку консумирање на алкохол и дрога. Родителите или пријателите можат да бидат многу корисни, но во тежок и тврдокорен случај, треба да се побара помош од специјалист (De Lucia и др., 2006).

2.8.1 Стресот, реалност за студентите ширум светот

Минатата година (2019 год.) студенти на Факултетот за политички науки од Катедрата за социјална политика и социјална работа спровеле истражување за различни форми на ризично однесување меѓу студентите на универзитетот во Белград. Истражувањето покажало дека околу 36% од испитаниците чувствуваат стрес поради факултетот.

Во Велика Британија ситуацијата не е подобра. Студија спроведена од UniHealth покажала дека околу 82% од студентите на Британскиот универзитет доживуваат анксиозност и стрес, а околу 45% од нив исто така доживеале депресија. Британската парламентарна група, која се занимава со студентски прашања, објави извештај во кој се наведува дека околу 33% од студентите имале самоубиствени мисли во последната академска година.

Американскиот медицински журнал за депресија и анксиозност анкетираше над 67.000 студенти во САД, а резултатите се поразителни. Според ова истражување, 1 од 5 студенти размислувале за самоубиство, а околу 20% од учениците изјавиле дека неодамна доживеале повеќе од 5 стресни настани истовремено. Причините за стресот на факултет можат да бидат различни. Одделувањето од семејството, грижата за

[23] Wycliffe, Y. (2008). *Academic Stress, A Case of the Undergraduate students* - http://www.diva-portal.org/smash/get/diva2:556335/fulltext01.pdf

обични работи за кои дотогаш не се грижеле, како што е перење и готвење, па сè до напорен распоред на предавање и неинтересен материјал за учење. Она што посебно ги погодува студентите кои се во лоша економска состојба е стресот поради недостаток на финансии и лоши животни услови. Најчесто стресот е последица на различни околности и настани, но очигледно тој е присутен и повеќе од тоа што мислиме.

Важно е да се детектира стресот и да се справиме со него, не само за да се чувствуваме добро, туку најмногу поради сите понатамошни негативни активности што стресот може да ги предизвика. Природната реакција на луѓето на стрес или вознемиреност е да побегнат на некоја друга активност што може да биде исклучително штетна.

Според резултатите од истражувањето на студентите од Факултетот за политички науки, алкохолот е најчестиот вентил и средство за релаксирање на студентите во Белград. Само 9% од испитаниците не пијат, а дури 14% изјавиле дека тоа го прават за да го намалат стресот, додека 3% рекле дека алкохолот им служи како бегство од реалноста.

Дека студентите не запираат само на алкохол, покажува и фактот дека 37% од учениците пробале дрога, а дури 19% рекле дека тоа го прават поради стрес.

Ова е особено проблематично бидејќи покажува дека бројот на оние кои наоѓаат решение во алкохолот и наркотиците е поголем од оние кои се обидуваат да најдат решение во психотерапијата (само 6%). Иако одењето на психотерапија е вообичаен совет за секој што страда од долготраен стрес или вознемиреност, мал број студенти всушност одлучуваат да го сторат тоа.

Одењето кај психотерапевт е сè уште стигматизирана работа, што честопати се смета за еден вид слабост и личен неуспех да се справиме со нашите сопствени проблеми. Луѓето честопати неоправдано се плашат дека психотерапијата автоматски е препишување лекови што ќе ги вкочанат и на кои ќе станат зависни на некој начин. Сите овие се заблуди, кои се широко распространети, ги спречуваат луѓето да се јават на психолог кога сакаат да се справат со стресот. Иако одењето на психотерапевт е сè уште пожелна опција, постојат дополнителни совети кои звучат клише, но се здрав разум. Доволно спиење и правилна исхрана неизмерно ѝ помагаат на нашата ментална состојба. Никој не може да остане ментално недопрен ако спие многу малку, а храната

што ја консумира не е хранлива. Ако сте студент, тоа е често тешко, но ова се неопходни чекори кон подобро справување со обврските и проблемите.[24]

2.9 Програми за превенција на стресот кај студентите

Здравата академска средина е средина која е богата со фактори кои го поттикнуваат здравјето, а не онаа што не содржи штетни фактори. Таквите ублажувања треба да вклучуваат постојана проценка на здравствениот ризик, обезбедување соодветни информации и обука за здравствени теми и достапност на здравствени структури кои обезбедуваат поддршка и помош. Приоритет на таквата средина треба да бидат здравјето и промоција на здравјето. Со цел да се намали влијанието на стресот и да се спречи развојот на синдром на исцрпеност поради стрес, потребно е на различни целни групи да се предаваат методи на управување со стресот. Програмите за управување со стресот, во однос на целните групи, треба да се поделат на: примарни, секундарни и терцијарни програми за здравствена заштита (Backović i sur., 2013). Академските институции треба да имаат за цел да воспостават здрава животна средина, како и да го промовираат здравјето на студентите. Со цел да се идентификуваат проблемите кај учениците, потребно е да се испитаат и разберат причините и последиците од психолошкото вознемирување на студентите, врз основа на кои треба да се развијат стратегии за подобрување на личната благосостојба, кои се важни за професионалноста и поставувањето на темелите на еластичност за време на кариерата. Мултицентрична студија спроведена во Соединетите Држави, во која биле вклучени студенти од пет медицински училишта, открива дека карактеристиките на личноста, стресните настани од личниот живот и условите во животната средина за обука и студирање се независни фактори поврзани со исцрпеноста на студентите (Dyrbye i sur. 2009). Експертите сметаат дека при запишувањето на студии треба да се проценат карактеристиките на личноста на студентите, за да може да се влијае на навремено откривање на проблеми и подобрување на менталното здравје и прилагодување (Lievens, 2002). Стресот е лично доживување, и секоја личност различно се соочува со

[24] https://talas.rs/2019/05/28/kako-se-nositi-sa-sve-vecim-stresom-kod-studenata/ (посетено на 10.10.2020)

стресот со веќе научен начин на однесување. Стратегијата на совладување на стресот може да се подели на:

• Справување ориентирано кон проценка е логичка анализа и ментална подготовка, која се состои од разградување на проблемите и нивно решавање во фази, когнитивно редефинирање, когнитивно избегнување или негирање. Луѓето кои ја користат оваа стратегија го негираат стресниот настан или му придаваат помалку значење отколку што има во реалноста.

Луѓето различно го изразуваат стресот, со плачење, врескање, вклучително и прекумерно пушење, пиење, земање лекови, како и прифаќање/помирување со ситуацијата (Vlajković, 1990). Се покажа дека добриот однос со наставниците влијае на автономијата на учениците и им помага во понатамошно напредување во кариерата (Reio i sur. 2009). Бидејќи односот на студентите со наставниот кадар е препознаен како значаен фактор, се потенцира важноста на проверка и развој на педагошките вештини на наставниците. Програмите за менторство се покажаа како значајни, во кои секој студент во првата година на студии добива ментор наставник или ученик за неколку години, кој ги разбира предизвиците со кои се соочува секој помлад ученик. (Murr i sur., 2002). Насочувањето и учењето на учениците да користат адаптивни механизми за справување, како што се: прифаќање, планирање, позитивно реинтерпретирање, може да ги намали психолошките проблеми, како и менталните и психосоматски нарушувања (Park i Adler, 2003).

Стратегиите што влијаат на развојот на отпорност на стрес и исцрпеност за време на студиите вклучуваат: развој на вештини за самоперцепција за изложеност на стрес и неговите психофизички последици, структурирање на распореди на активности (приоритети, режим на работа/одмор), поставување јасни граници на нечија компетентност и одговорности во однос на задачите (Backović, 2002). Учеството на адолесцентите во структурирани активности за слободно време се покажа како значаен предуслов за задоволството од животот (Gilman, 2001).

Лонгитудиналното истражување откри дека учеството во структурирани активности во слободното време, како што се музиката и уметноста, има позитивна поврзаност со подобрената самодоверба и подобри перформанси во училиштето (Larson i Verma, 1999; Trenberth i sur.,1999). Повеќето нарушувања предизвикани од стрес може да се забележат многу порано од трајното, непоправливо оштетување на

телото. Затоа, постои голема шанса да се спречи штетата предизвикана од стрес. Методот за воспоставување самоконтрола на автономните телесни процеси, кој се користи сè почесто, се покажа како многу корисен. Истражувањата покажуваат дека луѓето имаат способност да ги контролираат сопствените телесни процеси, на пример, отчукувањата на срцето, артерискиот крвен притисок и многу повеќе, што се покажа дека е корисно во намалувањето на негативните ефекти на стресот врз телото (Havelka, 2004).

Како што наведуваат авторите, постојат бројни техники за одбрана од ефектите на психолошкиот стрес врз телото, од кои најпознати се: (Havelka, 2004).

2.9.1 Техника на биофидбек

- Оваа техника им овозможува на луѓето да стекнат увид во сопствените телесни процеси и обезбедува соодветна обука за самоконтрола за овие процеси. Техниката на биофидбек може ефикасно да работи на висок крвен притисок, срцеви аритмии, главоболки, напнатост во мускулите, улкус и многу други. Оваа техника овозможува развој на свесност за степенот на емоционална напнатост во ситуации кои е тешко субјективно да се перцепираат како стресни, бидејќи тие не се доволно силни и обезбедува увид во тоа како доброволно да се намалат реакциите на физички стрес, што резултира со усвојување на соодветни модели на однесување кои се ефективни во намалување на стресот.

2.9.2 Автоген тренинг и други техники на опуштање

- Оваа техника се состои од разни вежби кои ја доведуваат личноста во состојба на свест, која е слична на хипнотичка состојба, и доведува до силно физичко опуштање. Основните видови на вежби се вежби за релаксација на мускулите, вежби за работа со срце, вежби за дишење и контрола на стомакот. Овие вежби овозможуваат да се постигне општа мускулна релаксација и на тој начин да доведе до намалување на менталната напнатост предизвикана од стрес.

2.9.3 Техника на инокулација на стресот

• Оваа техника главно се применува кога некое лице се соочува со одредена заканувачка ситуација. Главната цел на оваа техника е да се направи ситуацијата што е можно помалку заканувачка. Ако некое лице соодветно се подготви за заканувачка ситуација пред да се појави вознемиреноста и стравот, како резултат на стресни настани, тие можат да се намалат. Подготовката овозможува намалување на негативните емоции кои влијаат на чувствителноста на лицето да се справи со стресот (Хавелка, 2004).

3. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

3.1. Предмет на истражувањето

Предмет на истражување во магистерскиот труд се ставовите на студентите од прва и втора година на додипломски студии при Воената академија „Генерал Михајло Апостолски“ – Скопје, за перцепцијата, нивото и изворите на стрес.

3.2. Цел и карактер на истражувањето

Јасното одредување на целта на истражувањето е од голема важност заради обезбедување на неговата целисходност.

Цели на ова истражување се:

- да се утврдат факторите кои предизвикуваат стрес и влијаат на нивото на стрес кај студентите од прва и втора година на студии при Воената академија „Генерал Михајло Апостолски“ – Скопје;
- да се утврди нивото на стрес кај студентите од прва и втора година на студии при Воената академија „Генерал Михајло Апостолски“ – Скопје;

- да се спореди нивото на стрес помеѓу студентите од прва и втора година на студии при Воената академија „Генерал Михајло Апостолски“ - Скопје.

Истражувањето ќе се одвива во природна средина, односно нема да постои вештачки создадена ситуација. Она што го истражуваме го гледаме низ очите на испитаниците. Од голема значајност за ова истражување е и флексибилноста на истражувањето која ни дава слободен избор и можност за менување на текот на самото истражување.

3.3. Хипотези

Главна хипотеза:

Студентите од втора година на додипломски студии при Воената академија „Генерал Михајло Апостолски“ - Скопје имаат поголемо ниво на стрес за разлика од студентите од прва година.

3.4. Варијабли на истражувањето

- *Релевантни варијабли:*

Пол, година на студии, возраст, националност.

- *Истражувани варијабли:*

Ставови на студентите за перцепцијата, нивото и изворите на стрес.

3.5. Методи, техники и инструменти на истражувањето

При истражувањето изведено во процесот на изработка на трудот, освен користењето на податоците и информациите од ресурсите кои се достапни за време на

процесот на подготовка на студијата, паралелно со целта на истражувањето, исто така ќе се применат долунаведените методи, со цел да се добијат валидни и далеку поцврсти заклучни излагања:

- Аналитичко-синтетички методи – имаат примена во овој труд преку соодветна анализа;
- Индуктивно-дедуктивен метод – преку општо осознавање на поимот и дефинирањето на стресот, стресорите, методите за соочување со стресот, делувањето на стресот кај поединците и реакциите коишто ги предизвикува, стресот кој се јавува кај студентите и причините, т.е. факторите кои го предизвикуваат, мерките за препознавање на стрес и сл.;
- Статистички метод – статистички ќе бидат обработени прибраните податоци, истите ќе бидат интерпретирани и анализирани, врз основа на што ќе бидат извлечени соодветни заклучоци за истражуваниот проблем;
- Метод на дескрипција – како постапка за опишување или прикажување на предметот на научното истражување со научно толкување и објаснување. При дескрипицијата се користи обемна научна и стручна литература и конкретни истражувања од истакнати експерти, научници или релевантни институции од земјата, па и од странство;
- Анализа на содржината на документи (content analysis) – анализа на стручни книги, прирачници, написи, извештаи, официјални документи, во кои е вклучен и објаснет стресот како појава.

Техники и инструменти на истражувањето

Истражувањето во овој магистерски труд ќе биде спроведено со помош на анкетен прашалник за стресот, кој е составен исклучиво за потребите на ова истражување, со што ќе се потрудиме да го утврдиме нивото на стрес кај студентите од прва и втора година на додипломски студии на Воената академија „Генерал Михајло Апостолски“ - Скопје, а исто така и да го споредиме нивото на стрес кај истите студенти.

Добиените резултати ќе бидат споредувани помеѓу двете групи на студенти од прва и втора година на додипломски студии. Добиените резултати ќе се споредуваат со вообичаените методи на дескриптивна статистика.

Во истражувањето се користи социо-демографски прашалник, изработен за целите на ова истражување и опфаќа податоци за полот, годината на студии, возраста и националноста на студентите. За целите на истражувањето е употребена Ликертова скала, која се однесува на перцепцијата, нивото и изворите на стрес кај студентите од прва и втора година, за да се испита и докаже дали студирањето влијае на развојот на стресот. Скалата содржи 14 тврдења, а задачата на испитаниците беше да го забележат степенот на согласување или несогласување од 1 до 5, каде што 1 претставува апсолутно несогласување, а 5 апсолутно согласување.

За спроведување на истражувањето, секако, беше побарана дозвола од надлежните и одговорни лица.

3.6. Популација и примерок

Примерокот на истражување ќе го сочинуваат вкупно 46 студенти од прва и втора година. Истражувањето е спроведено во Воената академија „Генерал Михајло Апостолски“ - Скопје, кај студентите од прва и втора година на додипломски студии 2019/2020 година, каде што се застапени социодемографските карактеристики - пол, година на студии, возраст и националност. Учеството во истражувањето беше доброволно и испитаниците можеа да се повлечат во било кое време. Испитаниците ќе останат анонимни, а податоците и резултати добиени од спроведеното истражување ќе послужат и ќе бидат искористени исклучиво за изработката на самиот магистерски труд.

3.7. Организација и тек на истражувањето

Во продолжение, хронолошки се наведени фазите низ кои ќе биде спроведено истражувањето:

- Избор и анализа на истражувачкиот проблем;
- Одредување на област на научна анализа;
- Поставување на хипотези;
- Идентификација, класифицирање и операционализација на варијаблите;
- Утврдување на дизајнот (нацртот) на проектот;

- Избор и разработка на методот, постапките и инструментите;
- Планирање и спроведување на теренскиот дел на истражувањето (собирање на емпириска евиденција);
- Средување и обработка на податоците;
- Анализа и интерпретација на податоците и изведување заклучоци;
- Пишување на извештај и одбирање начин на објавување на резултатите.

4. АНАЛИЗА НА ДОБИЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Резултатите од спроведеното истражување се прикажани подолу, врз основа на одговорите на вкупно 46 испитаници од прва и втора година поделени во две групи од по 23 испитаници, кои се студенти на Воената академија „Генерал Михајло Апостолски“ - Скопје.

И на двете групи им беа поставени истите прашања и тие беа анонимно одговорени.

Табелата 3 ја прикажува распределбата на испитаниците според полот.


4.1. Дескриптивна анализа на примерокот на истражувањето

Табела 3: Процент на студенти испитаници поделени по пол

Понудени одговори (Пол)		**Фреквенција (f)**	**Процент (%)**
	машки	29	63,04%
	женски	17	36,95%
	Вкупно	46	100,00%

Според добиените резултати, имаме студенти од машки и женски пол и тоа 29 студенти (63,04%) кои се од машки пол и 17 студенти (36,95%) кои се од женски пол.

Во понатамошниот текст овие резултати се прикажани графички, каде што може да се види колку студенти имаме од машки и женски пол во прва година и колку студенти имаме од машки и женски пол во втора година.



Графикон 1: Распределба на студентите според полот

Според податоците во Графикон 1 можеме да забележиме дека од прва година имаме 14 студенти од машки пол (60,86%) и 9 студенти од женски пол (39,13%), додека кај студентите од втора година, имаме 15 студенти од машки пол (65,21%) и 8 студенти од женски пол (34,78%).

Табела 4: Процент на студенти испитаници поделени по година на студии

Понудени одговори (Година на студии)		**Фреквенција (f)**	**Процент (%)**
	прва година	23	50,00%
	втора година	23	50,00%
	Вкупно	46	100,00%

Во истражувањето беа вклучени вкупно 46 студенти и тоа 23 студенти (50,00%) од прва година и 23 студенти (50,00%) од втора година.


Во следната табела 5 се прикажани испитаниците поделени според возраста.

Табела 5: Процент на студенти испитаници поделени по возраст

Понудени одговори (Возраст)		**Фреквенција (f)**	**Процент (%)**
	18-20 г.	41	89,13%
	20-25 г.	5	10,86%
	Вкупно	46	100,00%

Од добиените резултати во ова истражување, дознаваме дека учествувале 41 студент (89,13%) на возраст од 18 до 20 години и 5 студенти (10,86%) на возраст од 20 до 25 години.

Во наредниот графикон подетално е прикажана возраста на студентите од прва и втора година на додипломски студии.



Графикон 2: Поделба на студенти од прва година според возраста

Податоците од овој графикон прикажуваат дека имаме 9 студенти од прва година (39,13%) на возраст од 18 години, 11 студенти (47,82%) на возраст од 19 години, 1 студент (4,34%) на возраст од 20 години и 2 студенти (8,69%) на возраст од 21 година.



Графикон 3: Поделба на студенти од втора година според возраста

Податоците од претходниот графикон прикажуваат дека имаме 7 студенти од втора година (30,43%) на возраст од 19 години, 13 студенти (56,52%) на возраст од 20 години, 2 студенти (8,69%) на возраст од 21 години и 1 студент (4,34%) на возраст од 22 години.

Во следната табела се прикажани испитаниците поделени според националноста.

Табела 6: Процент на студенти испитаници поделени по националност

Понудени одговори (Националност)		**Фреквенција (f)**	**Процент (%)**
	Македонец/ка	31	67,39%
	Албанец/ка	6	13,04%
	Друго	9	19,56%
	Вкупно	46	100,00%

Како што може да забележиме од Табела 6, имаме 31 студент (67,39%) по националност македонец/ка, 6 студенти (13,04%) по националност албанец/ка, додека останатите се изјасниле под друго и тоа 9 студенти (19,56%).

4.2. Анализа на резултатите од прашалникот

Подолу, за секое прашање т.е. тврдење, податоците се презентирани во форма на апсолутни броеви, процентуално во зависност од одговорите на испитаниците и прикажана е пресметаната аритметичка средина за секое забележано прашање. Според тоа, во понатамошниот текст беа коментирани прашањата кај кои се забележани

најголеми и најниски вредности на аритметичката средина според одговорите на испитаниците.

Табела 7: Преглед на одговорите на испитаниците на прашањата за стресот со пресметана аритметичка средина

		Број	Процент	Аритметичка средина
Часовите и предавањата во мене будат чувство на задоволство	воопшто не се согласувам	/	/	
	не се согласувам	3	6,52%	
	делумно се согласувам	24	52,17%	
	се согласувам	14	30,04%	
	апсолутно се согласувам	5	10,8%	
	Вкупно	**46**	**100,0%**	**3,45**
По завршувањето на часовите, немам желба за извршување на моите секојдневни активности	воопшто не се согласувам	15	32,60%	
	не се согласувам	12	26,08%	
	делумно се согласувам	10	21,73%	
	се согласувам	7	15,21%	
	апсолутно се согласувам	2	4,34%	
	Вкупно	**46**	**100,0%**	**2,32**
Честопати имам главоболка	воопшто не се согласувам	9	19,56%	
	не се согласувам	17	36,95%	
	делумно се согласувам	14	30,43%	
	се согласувам	4	8,69%	
	апсолутно се согласувам	2	4,34%	
	Вкупно	**46**	**100,0%**	**2,41**
Во текот на студиите мислам дека неадекватно и нездраво се хранам	воопшто не се согласувам	3	6,52%	
	не се согласувам	5	10,86	
	делумно се согласувам	5	10,86	
	се согласувам	9	19,56%	

	апсолутно се согласувам	24	52,17%	
	Вкупно	**46**	**100,0%**	**4**
За време на колоквиумската недела чувствувам немир и прекумерено потење на дланките	воопшто не се согласувам	8	17,39	
	не се согласувам	7	15,21%	
	делумно се согласувам	17	36,95%	
	се согласувам	8	17,39%	
	апсолутно се согласувам	6	13,04%	
	Вкупно	**46**	**100,0%**	**2,93**
Чувствувам страв од претпоставените професори	воопшто не се согласувам	23	50,0%	
	не се согласувам	20	43,47%	
	делумно се согласувам	2	4,34%	
	се согласувам	1	2,17%	
	апсолутно се согласувам	/	/	
	Вкупно	**46**	**100,0%**	**1,58**
Имам проблем со концентрацијата за време на предавањето	воопшто не се согласувам	6	13,04%	
	не се согласувам	14	30,43%	
	делумно се согласувам	12	26,08%	
	се согласувам	12	26,08%	
	апсолутно се согласувам	2	4,34%	
	Вкупно	**46**	**100,0%**	**2,78**
После предавањата се чувствувам уморено	воопшто не се согласувам	1	2,17%	
	не се согласувам	6	13,04%	
	делумно се согласувам	14	30,43%	
	се согласувам	16	34,78%	
	апсолутно се согласувам	9	19,56%	
	Вкупно	**46**	**100,0%**	**3,56**
Чувствувам недостаток на сон	воопшто не се согласувам	1	2,17%	
	не се	7	15,21%	

	согласувам			
	делумно се согласувам	9	19,56%	
	се согласувам	9	19,56%	
	апсолутно се согласувам	20	43,47%	
	Вкупно	**46**	**100,0%**	**3,86**
Ми недостасува мотивација	воопшто не се согласувам	6	13,04%	
	не се согласувам	17	36,95%	
	делумно се согласувам	11	23,91%	
	се согласувам	7	15,21%	
	апсолутно се согласувам	5	10,86%	
	Вкупно	**46**	**100,0%**	**2,73**
Јавните настапи/усмени презентации кај мене предизвикуваат низа на симптоми како: забрзано чукање на срцето, потење, црвенило, промени во тонот на гласот и сл.	воопшто не се согласувам	8	17,39%	
	не се согласувам	9	19,56%	
	делумно се согласувам	16	34,78%	
	се согласувам	8	17,39%	
	апсолутно се согласувам	5	10,86%	
	Вкупно	**46**	**100,0%**	**2,84**
Немам доволно време за рекреативни активности	воопшто не се согласувам	2	4,34%	
	не се согласувам	4	8,69%	
	делумно се согласувам	12	26,08%	
	се согласувам	14	30,43%	
	апсолутно се согласувам	14	30,43%	
	Вкупно	**46**	**100,0%**	**3,73**
Студирањето предизвикува стрес во мојот организам	воопшто не се согласувам	10	21,73%	
	не се согласувам	18	39,13%	

	делумно се согласувам	13	28,26%	
	се согласувам	5	10,86%	
	апсолутно се согласувам	/	/	
	Вкупно	**46**	**100,0%**	**2,28**
На скала од 1 до 5 (1 - не е стресно, 5 - многу е стресно), оценете го нивото на стрес што мислите дека ви го предизвикува студирањето	воопшто не се согласувам	4	8,69%	
	не се согласувам	18	39,13%	
	делумно се согласувам	13	28,26%	
	се согласувам	11	23,91%	
	апсолутно се согласувам	/	/	
	Вкупно	**46**	**100,0%**	**2,67**

Најголемата вредност на аритметичките средини за одговорите на испитаниците е евидентирана за тврдењето: „Во текот на студиите мислам дека неадекватно и нездраво се хранам“, каде што аритметичката средина во однос на одговорите на испитаниците изнесува 4, што укажува на тоа дека повеќето испитаници се согласни по ова прашање и повеќето го имаат одговорено со „апсолутно се согласувам“.

Исто така, во однос на следното тврдење: „Чувствувам недостаток на сон“ имаме повисока вредност на аритметичката средина и таа изнесува 3,86.

Најниската вредност на аритметичките средини за одговорите на испитаниците е евидентирана за тврдењето: „Чувствувам страв од претпоставените професори“ и тука аритметичката средина во однос на одговорите на испитаниците изнесува 1,58, што укажува на тоа дека повеќето испитаници не се согласуваат по ова прашање и го имаат одговорено со „воопшто не се согласувам“.

Подолу се дадени одговорите на испитаниците во врска со нивото на стрес на студентите од прва и втора година во Воената академија „Генерал Михајло Апостолски“ - Скопје. За секоја изјава, податоците се прикажани во форма на апсолутни броеви и проценти на одговорите на испитаниците, индивидуално за првата и втората година на студирање. Според тоа, во понатамошниот текст се коментираат прашањата и одговорите на овие прашања.

Табела 8: Преглед на одговорите на прашањата за стресот поделени на студенти од прва и втора година

		Прва година		Втора година	
		Број	**Процент**	**Број**	**Процент**
Часовите и предавањата во мене будат чувство на задоволство	воопшто не се согласувам	/	/	/	/
	не се согласувам	1	4,34%	2	8,69%
	делумно се согласувам	11	47,82%	13	56,52%
	се согласувам	9	39,13%	5	21,73%
	апсолутно се согласувам	2	8,69%	3	13,04%
	Вкупно	**23**	**100,00%**	**23**	**100,00%**
По завршувањето на часовите, немам желба за извршување на моите секојдневни активности	воопшто не се согласувам	6	26,08%	9	39,13%
	не се согласувам	7	30,43%	5	21,73%
	делумно се согласувам	6	26,08%	4	17,39%
	се согласувам	3	13,04%	4	17,39%
	апсолутно се согласувам	1	4,34%	1	4,34%
	Вкупно	**23**	**100,00%**	**23**	**100,00%**
Честопати имам главоболка	воопшто не се согласувам	6	26,08%	3	13,04%
	не се согласувам	8	34,78%	9	39,13%
	делумно се согласувам	7	30,43%	7	30,43%
	се согласувам	1	4,34%	3	13,04%
	апсолутно се согласувам	1	4,34%	1	4,34%
	Вкупно	**23**	**100,00%**	**23**	**100,00%**
Во текот на студиите мислам дека неадекватно и	воопшто не се согласувам	3	13,04%	/	/

нездраво се хранам					
	не се согласувам	3	13,04%	2	8,69%
	делумно се согласувам	4	17,39%	1	4,34%
	се согласувам	4	17,39%	5	21,73%
	апсолутно се согласувам	9	39,13%	15	65,21%
	Вкупно	**23**	**100,00%**	**23**	**100,00%**
За време на колоквиумската недела чувствувам немир и прекумерено потење на дланките	воопшто не се согласувам	2	8,69%	6	26,08%
	не се согласувам	4	17,39%	3	13,04%
	делумно се согласувам	12	52,17%	5	21,73%
	се согласувам	2	8,69%	6	26,08%
	апсолутно се согласувам	3	13,04%	3	13,04%
	Вкупно	**23**	**100,00%**	**23**	**100,00%**
Чувствувам страв од претпоставените професори	воопшто не се согласувам	12	52,17%	11	47,82%
	не се согласувам	10	43,47%	10	43,47%
	делумно се согласувам	1	4,34%	1	4,34%
	се согласувам	/	/	1	4,34%
	апсолутно се согласувам	/	/	/	/
	Вкупно	**23**	**100,00%**	**23**	**100,00%**
Имам проблем со концентрацијата за време на предавањето	воопшто не се согласувам	3	13,04%	3	13,04%
	не се согласувам	6	26,08%	8	34,78%
	делумно се согласувам	8	34,78%	4	17,39%
	се согласувам	6	26,08%	6	26,08%

	апсолутно се согласувам	/	/	2	8,69%
	Вкупно	**23**	**100,00%**	**23**	**100,00%**
После предавањата се чувствувам уморено	воопшто не се согласувам	1	4,34%	/	/
	не се согласувам	4	17,30%	2	8,69%
	делумно се согласувам	8	34,78%	6	26,08%
	се согласувам	6	26,08%	10	43,47%
	апсолутно се согласувам	4	17,39%	5	21,73%
	Вкупно	**23**	**100,00%**	**23**	**100,00%**
Чувствувам недостаток на сон	воопшто не се согласувам	/	/	1	4,34%
	не се согласувам	4	17,39%	3	13,04%
	делумно се согласувам	5	21,73%	4	17,39%
	се согласувам	3	13,04%	6	26,08%
	апсолутно се согласувам	11	47,82%	9	39,13%
	Вкупно	**23**	**100,00%**	**23**	**100,00%**
Ми недостасува мотивација	воопшто не се согласувам	4	17,39%	2	8,69%
	не се согласувам	9	39,13%	8	34,78%
	делумно се согласувам	7	30,43%	4	17,39%
	се согласувам	3	13,04%	4	17,39%
	апсолутно се согласувам	/	/	5	21,73%
	Вкупно	**23**	**100,00%**	**23**	**100,00%**
Јавните настапи/усмени презентации кај мене предизвикуваат низа на симптоми како: забрзано чукање на срцето, потење, црвенило,	воопшто не се согласувам	5	21,73%	3	13,04%

промени во тонот на гласот и сл.					
	не се согласувам	3	13,04%	6	26,08%
	делумно се согласувам	10	43,47%	6	26,08%
	се согласувам	3	13,04%	5	21,73%
	апсолутно се согласувам	2	8,69%	3	13,04%
	Вкупно	**23**	**100,00%**	**23**	**100,00%**
Немам доволно време за рекреативни активности	воопшто не се согласувам	1	4,34%	1	4,34%
	не се согласувам	/	/	4	17,39%
	делумно се согласувам	5	21,73%	7	30,43%
	се согласувам	6	26,08%	8	34,78%
	апсолутно се согласувам	11	47,82%	3	13,04%
	Вкупно	**23**	**100,00%**	**23**	**100,00%**
Студирањето предизвикува стрес во мојот организам	воопшто не се согласувам	6	26,08%	4	17,39%
	не се согласувам	8	34,78%	10	43,47%
	делумно се согласувам	7	30,43%	6	26,08%
	се согласувам	2	8,69%	3	13,04%
	апсолутно се согласувам	/	/	/	/
	Вкупно	**23**	**100,00%**	**23**	**100,00%**
На скала од 1 до 5 (1 - не е стресно, 5 - многу е стресно), оценете го нивото на стрес што мислите дека ви го предизвикува студирањето	воопшто не се согласувам	3	13,04%	1	4,34%
	не се согласувам	8	34,78%	10	43,47%

	делумно се согласувам	8	34,78%	5	21,73%
	се согласувам	4	17,39%	7	30,43%
	апсолутно се согласувам	/	/	/	/
	Вкупно	**23**	**100,00%**	**23**	**100,00%**

Во Табела 8 се дадени одговорите на прашањата поврзани со стресот, поделени на студенти од прва и втора година од Воената академија „Генерал Михајло Апостолски“ - Скопје.

На тврдењето: ,,Часовите и предавањата во мене будат чувство на задоволство“, одговор ,,воопшто не се согласувам“ не дал ниту еден студент од прва и втора година. Одговор ,,не се согласувам“ дал само 1 студент (4,34%) од прва година и 2 студенти (8,69%) од втора година. Со ,,делумно се согласувам“ одговориле 11 студенти (47,82%) од прва година и 13 студенти (56,52%) од втора година. Со ,,се согласувам“ одговориле 9 студенти (39,13%) од прва година и 5 студенти (21,73%) од втора година. Со ,,апсолутно се согласувам“ одговориле 2 студенти (8,69%) од прва година и 3 студенти (13,04%) од втора година.

На следното тврдење: ,,По завршувањето на часовите немам желба за извршување на моите секојдневни активности“ со ,,воопшто не се согласувам“ одговориле 6 студенти (26,08%) од прва година и 9 студенти (39,13%) од втора година. Со ,,не се согласувам“ одговориле 7 студенти (30,43%) од прва година и 5 студенти (21,73%) од втора година. Одговор ,,делумно се согласувам“ дале 6 студенти (26,08%) од прва година и 4 студенти (17,39%) од втора година. Со ,,се согласувам“ одговориле 3 студенти (13,04%) од прва година и 4 студенти (17,39%) од втора година. Со ,,апсолутно се согласувам“ одговорил 1 студент (4,34%) од прва година и 1 студент (4,34%) од втора година.

На тврдењето: ,,Честопати имам главоболка“ со ,,воопшто не се согласувам“ одговориле 6 студенти (26,08%) од прва година и 3 студенти (13,04%) од втора година. Со ,,не се согласувам“ одговориле 8 студенти (34,78%) од прва година и 9 студенти (39,13%) од втора година. Со ,,делумно се согласувам“ одговориле 7 студенти (30,43%) од прва година и 7 студенти (30,43%) од втора година. Со ,,се согласувам“ одговорил 1 студент (4,34%) од прва година и 3 студенти (13,04%) од втора година. Со ,,апсолутно

се согласувам“ одговорил 1 студент (4,34%) од прва година и 1 студент (4,34%) од втора година.

На тврдењето: „Во текот на студиите мислам дека неадекватно и нездраво се хранам“ со „воопшто не се согласувам“ одговориле 3 студенти (13,04%) од прва година, додека од втора година немаме ниту еден студент. Со „не се согласувам“ одговориле 3 студенти (13,04%) од прва година и 2 студенти (8,69%) од втора година. Со „делумно се согласувам“ одговориле 4 студенти (17,39%) од прва година и 1 студент (4,34%) од втора година. Со „се согласувам“ одговориле 4 студенти (17,39%) од прва година и 5 студенти (21,73%) од втора година. Со „апсолутно се согласувам“ одговориле 9 студенти (39,13%) од прва година и 15 студенти (65,21%)од втора година.

На следното тврдење: „За време на колоквиумската недела чувствувам немир и прекумерено потење на дланките“ со „воопшто не се согласувам“ одговориле 2 студенти (8,69%) од прва година и 6 студенти (26,08%) од втора година. Со „не се согласувам“ одговориле 4 студенти (17,39%) од прва година и 3 студенти (13,04%) од втора година. Со „делумно се согласувам“ одговориле 12 студенти (52,17%) од прва година и 5 студенти (21,73%) од втора година. Со „се согласувам“ одговориле 2 студенти (8,69%) од прва година и 6 студенти (26,08%) од втора година. Со „апсолутно се согласувам“ одговориле 3 студенти (13,04%) од прва година и 3 студенти (13,04%) од втора година.

На тврдењето: „Чувствувам страв од претпоставените професори“ со „воопшто не се согласувам“ одговориле 12 студенти (52,17%) од прва година и 11 студенти (47,82%) од втора година. Со „не се согласувам“ одговориле 10 студенти (43,47%) од прва година и 10 студенти (43,47%) од втора година. Со „делумно се согласувам“ одговорил 1 студент (4,34%) од прва година и 1 студент (4,34%) од втора година. Со „се согласувам“ не одговорил ниту еден студент од прва година, додека од втора година имаме 1 студент (4,34%). Со „апсолутно се согласувам“ не одговорил ниту еден студент.

На тврдењето: „Имам проблем со концентрацијата за време на предавањето“ со „воопшто не се согласувам“ одговориле 3 студенти (13,04%) од прва година и 3 студенти (13,04%) од втора година. Со „не се согласувам“ одговориле 6 студенти (26,08%) од прва година и 8 студенти (34,78%) од втора година. Со „делумно се

согласувам“ одговориле 8 студенти (34,78%) од прва година и 4 студенти (17,39%) од втора година. Со „се согласувам“ одговориле 6 студенти (26,08%) од прва година и 6 студенти (26,08%) од втора година. Со „апсолутно се согласувам“ одговориле само 2 студенти (8,69%) од втора година.

На тврдењето: „После предавањата се чувствувам уморено“ со „воопшто не се согласувам“ одговорил 1 студент (4,34%) од прва година, додека од втора година нема ниту еден студент. Со „не се согласувам“ одговориле 4 студенти (17,30%) од прва година и 2 студенти (8,69%) од втора година. Со „делумно се согласувам“ одговориле 8 студенти (34,78%) од прва година и 6 студенти (26,08%) од втора година. Со „се согласувам“ одговориле 6 студенти (26,08%) од прва година и 10 студенти (43,47%) од втора година. Со „апсолутно се согласувам“ одговориле 4 студенти (17,39%) од прва година и 5 студенти (21,37%) од втора година.

На тврдењето: „Чувствувам недостаток на сон“ одговор „воопшто не се согласувам“ дал само 1 студент (4,34%) од втора година. Со „не се согласувам“ одговориле 4 студенти (17,39%) од прва година и 3 студенти (13,04%) од втора година. Со „делумно се согласувам“ одговориле 5 студенти (21,73%) од прва година и 4 студенти (17,39%) од втора година. Со „се согласувам“ одговориле 3 студенти (13,04%) од прва година и 6 студенти (26,08%) од втора година. Со „апсолутно се согласувам“ одговориле 11 студенти (47,82%) од прва година и 9 студенти (39,13%) од втора година.

На тврдењето: „Ми недостасува мотивација“ со „воопшто не се согласувам“ одговориле 4 студенти (17,39%) од прва година и 2 студенти (8,69%) од втора година. Со „не се согласувам“ одговориле 9 студенти (39,13%) од прва година и 8 студенти (34,78%) од втора година. Со „делумно се согласувам“ одговориле 7 студенти (30,43%) од прва година и 4 студенти (17,39%) од втора година. Со „се согласувам“ одговориле 3 студенти (13,04%) од прва година и 4 студенти (17,39%) од втора година. Со „апсолутно се согласувам“ одговориле само 5 студенти (21,73%) од втора година.

На тврдењето: „Јавните настапи/усмени презентации кај мене предизвикуваат низа на симптоми како: забрзано чукање на срцето, потење, црвенило, промени во тонот на гласот и сл.“, одговор „воопшто не се согласувам“ дале 5 студенти (21,73%) од прва година и 3 студенти (13,04%) од втора година. Со „не се согласувам“

одговориле 3 студенти (13,04%) од прва година и 6 студенти (26,08%) од втора година. Со „делумно се согласувам“ одговориле 10 студенти (43,47%) од прва година и 6 студенти (26,08%) од втора година. Со „се согласувам“ одговориле 3 студенти (13,04%) од прва година и 5 студенти (21,73%) од втора година. Со „апсолутно се согласувам“ одговориле 2 студенти (8,69%) од прва година и 3 студенти (13,04%) од втора година.

На тврдењето: „Немам доволно време за рекреативни активности“ со „воопшто не се согласувам“ одговорил 1 студент (4,34%) од прва година и 1 студент (4,34%) од втора година. Со „не се согласувам“ одговориле само 4 студенти (17,39%) од втора година. Со „делумно се согласувам“ одговориле 5 студенти (21,73%) од прва година и 7 студенти (30,43%) од втора година. Со „се согласувам“ одговориле 6 студенти (26,08%) од прва година и 8 студенти (34,78%) од втора година. Со „апсолутно се согласувам“ одговориле 11 студенти (47,82%) од прва година и 3 студенти (13,04%) од втора година.

На тврдењето: „Студирањето предизвикува стрес во мојот организам“ со „воопшто не се согласувам“ одговориле 6 студенти (26,08%) од прва година и 4 студенти (17,39%) од втора година. Со „не се согласувам“ одговориле 8 студенти (34,78%) од прва година и 10 студенти (43,47%) од втора година. Со „делумно се согласувам“ одговориле 7 студенти (30,43%) од прва година и 6 студенти (26,08%) од втора година. Со „се согласувам“ одговориле 2 студенти (8,69%) од прва година и 3 студенти (13,04%) од втора година. Со „апсолутно се согласувам“ не одговорил ниту еден студент.

На тврдењето: „На скала од 1 до 5 (1 - не е стресно, 5 - многу е стресно), оценете го нивото на стрес што мислите дека ви го предизвикува студирањето“, со „воопшто не се согласувам“ одговориле 3 студенти (13,04%) од прва година и 1 студент (4,34%) од втора година. Со „не се согласувам“ одговориле 8 студенти (34,78%) од прва година и 10 студенти (43,47%) од втора година. Со „делумно се согласувам“ одговориле 8 студенти (34,78%) од прва година и 10 студенти (43,47%) од втора година. Со „се согласувам“ одговориле 4 студенти (17,39%) од прва година и 7 студенти (30,43%) од втора година. Со „апсолутно се согласувам“ не одговорил ниту еден студент.

5. ДИСКУСИЈА

Истражувањето беше спроведено на примерок од 46 испитаници поделени во две групи според годината на студиите, и двете групи содржеа по 23 испитаници. Во првата група беа вклучени студенти од прва година при Воената академија „Генерал Михајло Апостолски“ - Скопје, додека втората група ја сочинуваа студенти од втора година од истата академија. Во однос на полот, 63,04% од испитаниците се машки, додека 36,95% се женски. Од прва година имаме 14 студенти од машки пол (60,86%) и 9 студенти од женски пол (39,13%), додека кај студентите од втора година имаме 15 студенти од машки пол (65,21%) и 8 студенти од женски пол (34,78%). Статистиката го потврдува фактот дека оваа професија сè уште повеќе ја избираат мажите, но исто така сè поголем број жени се вклучуваат во оваа професија и се забележуваат како рамноправни членови.

Со оглед на возраста, имаме 9 студенти од прва година (39,13%) на возраст од 18 години, 11 студенти (47,82%) на возраст од 19 години, 1 студент (4,34%) на возраст од 20 години и 2 студенти (8,69%) на возраст од 21 година.

Од втора година имаме 7 студенти (30,43%) на возраст од 19 години, 13 студенти (56,52%) на возраст од 20 години, 2 студенти (8,69%) на возраст од 21 години и 1 студент (4,34%) на возраст од 22 години.

Со оглед на националноста, имаме 31 студент (67,39%) по националност македонец/ка, 6 студенти (13,04%) по националност албанец/ка, додека останатите се изјасниле под друго, и тоа 9 студенти (19,56%), од кои 3 бошњаци, 2 црногорки, 1 црногорец и 1 турчинка.

Резултатите од оваа студија покажаа дека студентите во втора година на студии се повеќе изложени на стрес отколку студентите во прва година. За прашањата каде што се регистрирани највисоките аритметички средини, јасно е дека студентите од втора година повеќе се изложени на стрес, за разлика од студентите од прва година. Можеби ова е логично бидејќи студентите од прва година сè уште се запознаваат со новата средина, начинот на студирање, условите, текот на наставата, професорите и

сл., додека студентите од втора година веќе се запознале со професорите, начинот на студирање, семинарите, презентациите и сл. и истите имаат сè повеќе обврски, предмети, материјал за изучување и задачи, па поради тоа кај нив е сè повеќе присутен стресот и причините за неговото појавување.

Секој пристап кон истражувањето на стресот опишува само некои од елементите на стресот. Проблемот е во тоа што стресот е многу сложен концепт и дека многу студенти имаат исти стресори, како што се: финансиска состојба, вознемиреност од испити, страв од професори, страв од последици од неуспешни испити, јавни настапи итн.

Стимулите за стрес се категоризираат различно во различни студии. Една од најчестите категоризации на видовите стресни ситуации, што резултира во доживување психолошка вознемиреност, е онаа што вклучува:

1) големи животни промени (свадба, дипломирање, смрт на некој близок);
2) хронични стресни настани (невработеност, кавги во семејството);
3) трауматски настани (природни и технолошки непогоди, воени ситуации и лични трауми);
4) секојдневни стресни ситуации (брзање, гужва, нељубезност на луѓето).

Истражувањата што го дефинираат стресот во однос на барањата на животната средина, или стресни настани, најчесто испитуваат ситуации на интензивен стрес, додека оние што се придржуваат до дефиниција која ја потенцира врската помеѓу поединецот и околината и когнитивната проценка на аспектите на стресната состојба, почесто ги испитуваат секојдневните стресни настани и проблеми (Aldwin C M., 1994).

Општата цел да се испитаат ефектите од различни видови стресни настани во повеќето студии е да се утврди како тие се поврзани со здравствените исходи, да се зборува за самооценување на физичкото или менталното здравје или за некои објективни, физиолошки индикатори на здравјето.

Без разлика на академската година, 52,17% од студентите апсолутно се согласуваат и сметаат дека во текот на студиите неадекватно и нездраво се хранат. Резултат на тоа е оддалеченоста од домот или студирањето во друг град и посегнувањето по нездрава или брза храна.

За време на колоквиумската недела, 36,95% од студентите чувствуваат немир и прекумерено потење на дланките.

Недостаток на сон чувствуваат 43,47% од студентите, коишто апсолутно се согласуваат со поставеното тврдење, додека ист број на студенти со 19,56% се согласуваат и делумно се согласуваат, што значи поголем број на студенти се согласни во однос на ова тврдење.

Голем број на студенти се согласни во тоа дека немаат доволно време за рекреативни активности, дури 61% од нив одговориле со „апсолутно се согласувам“ и „се согласувам“. Резултатот е прилагодување на ново опкружување, исполнување на одговорностите на студентите или развој на нови пријателства. Студирањето често вклучува помалку контакт со луѓето кои претходно обезбедувале морална и социјална поддршка, како што се пријатели или членови на семејството, чие присуство може да ги ублажи ефектите од стресот.

Сите луѓе имаат развиено начини да одговорат на ваквите ситуации, а справувањето со стресот се однесува на обидот на емоционален, когнитивен и/или план на однесување да ги надминат, подложат или намалат барањата кои ги поставува одредената ситуација.

Спроведеното истражување го евидентира фактот дека студентите од втора година во повеќето случаи на прашањата за стресни ситуации одговориле со „се согласувам“ и „апсолутно се согласувам“, со што **се потврдува** хипотезата: Студентите од втора година на додипломски студии при Воената академија „Генерал Михајло Апостолски“ - Скопје имаат поголемо ниво на стрес, за разлика од студентите од прва година.

ЗАКЛУЧОК

Современиот брз животен стил, социјалниот статус, егзистенцијалните проблеми, барањата од факултетот, организациските проблеми, трајното усовршување, се само некои од многуте стресори кои влијаат врз целокупниот стрес кај една личност.

Сите горенаведени стресори укажуваат на важноста на превенцијата од стресот кај студентите. Превентивните активности на лично ниво вклучуваат континуирана едукација и образование, развивање на комуникациски вештини, организирање на слободно време и развивање на социјалната поддршка.

Студентите ќе бидат помалку успешни во извршувањето на своите задачи доколку бидат под стрес. Многу е важно да се следи и да може навремено да се препознае почетокот на стресот, а при неговото забележување, студентите мора да реагираат и да се обидат да ги отстранат причините кои го предизвикуваат стресот. Препознавањето на знаците на стрес кај другите луѓе е важно затоа што на тој начин се подобрува разбирањето и комуникацијата на другите, а исто така се подобрува и сопствената реакција на стресот.

Справувањето со проблемот, предизвикувач на стресот, е начин за справување со стресот, во кој се менува околината и состојбата во која се наоѓаме. Размислување за проблемите, создавање различни решенија, анализирање на добрите и лошите страни на индивидуалните решенија и избор на едно од решенијата е еден од начините за справување со стресот. Учењето на нови вештини и пронаоѓање други начини да се наградите себе си е еден показател за тоа како справувањето насочено кон проблемот, може да биде насочено кон промена на самата личност. Пристапот насочен кон справување е ефикасен доколку постои можност за влијание во таква ситуација. На пример, студентот кој е соочен со можноста да не успее да го положи испитот, може да оди на настава, да побара помош од колегите или да се консултира со професорот.

Ако е невозможно да се влијае на стресната ситуација, можно е да се подобри начинот на кој ја гледаме ситуацијата и емоциите што ги предизвикува таа ситуација. Ова значи дека ако нашиот извор на потешкотии е на работното место, на пример,

избегнување на конфликтни ситуации (со оглед на тоа што се очекува од нас за да се задржи работното место), единствената работа што можеме да ја направиме е да се запрашаме што да правиме за да таквата ситуација не влијае врз нас. Таквиот начин на справување со стресот се нарекува справување фокусирано на емоции, а целта на таков начин е полесно да се издржи емоционалната возбуда предизвикана од стресната ситуација. Привремено пренасочувањето на мислите од проблемите е една од стратегиите на овој начин („За оваа работа не вреди да се нервирам“) или да се намали вознемиреноста со промена на начинот на кој гледате на проблемот („Овие пријатели не ми се толку важни“). Емоционалниот фокус е помалку „привлечен“ од пристапот за решавање проблеми, бидејќи изворот на стрес останува ист, но сепак претставува корисен пристап за справување со стресот.

Ова истражување, иако е направено со помал примерок на испитаници, може да биде основа за некои идни истражувања и докажувања дека студентите од втора година се поподложни на стрес, за разлика од студентите од прва година.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Aldwin C M. (1994). Stress, coping, and development: An integrative perspective, New York: Guilford.
2. Ayers T.S., Sandler I.N., West S.G., Roosa M.W. (1996). A dispositional and situationa assessment of children's coping: testing alternative models of coping, Journal of Personality. 64 (4) : 924-958.
3. Белевска, Д. (2018). Здравствена психологија со психодијагностика, Меѓународен центар за славјанска просвета.
4. Blanco C., Okuda M., Wright C., Hasin D. S., Grant B. F., Liu S.-M., et al. . (2008). Mental health of college students and their non-collegeattending peers: results from the National Epidemiologic Study on Alcohol and Related Conditions. Arcives of General Psychiatry. 65: 1429–1437.
5. Dahlin M, Joneborg N, Runeson B. (2005). Stress and depression among medical students: A cross-sectional study. Meducal Education. 39: 594–604.
6. Daruna, J. H. (2004). Introduction to Phychoneuroimmunology (First Edition). Elsavier Inc
7. De Lucia, A., Rudan, V. i Sujoldžić, A. (2006). Adolescencija i mentalno zdravlje. Kratki obiteljski priručnik. Zagreb: Institut za antopologiju.
8. Dienstbier, R.A. (1989). Arousal and physiological toughness: Implications for mental and physical health. Psychological Bulletin, 96, 84-100.
9. European Agency for Safety and Health at Work (2000). Research on Work – related Stress, page 123.
10. Ford S. Good Nutrition Links to Academic Success. Education Digest. (2013). str. 56-58, 79.
11. Frade, I.F., De Micheli, D., Monezi Andrade, A.L., De SouzaformigonI, M. L. O. (2013). Relationship between Stress Symptoms and Drug use Among Secundary Students. The Spanish Journal of Psychology, Vol. 16.
12. Goff, A. M. (2011). Stressors, academic performance, and learned resourcefulness in baccalaureate nursing students. International Journal of Nursing Education Scholarship, 8(1), 1-18.

13. Juras, K., Knežević, B. i sur. (2009). Stres na radu: Mjere prepoznavanja, rješenja i prevencija, stručni rad. Sigurnost 51, Vol. 51 No. 2.
14. Havelka M. (1995). Zdravstvena psihologija, Medicinski fakultet Sveučilišta u Zagrebu, Zagreb.
15. Havelka M. (2002). Zdravstvena psihologija. -2. izd. Jastrebarsko: Naklada Slap, str. 53-59.
16. Hudek-Knežević, J., Kardum, I., & Maglica, B. K. (2005). The sources of stress and coping styles as mediators and moderators of the relationship between personality traits and physical symptoms. Review of Psychology, 12(2), 91–101.
17. Hujdurović E. Stres menadžment, tipovi i način primjene odbrambenih sistema u otklanjanju stresa na radnom mjestu, UDK 613.86:331.08, стр. 6-7
18. Hrabak-Žerjavić, V., Radić, S., i Tomić, B. (2004). Mentalne bolesti i poremećaji u Republici Hrvatskoj. Zagreb: Hrvatski zavod za javno zdravstvo.
19. Knežević, B. (2010). Stres na radu i radna sposobnost zdravstvenih djelatnika u bolnicama. Doktorska disertacija, Sveučilište u Zagrebu, достапно на: http://medlib.mef.hr/863
20. Lazarus, R. S., & Folkman, S. (1984). Stress Appraisal and Coping. New York: Springer.
21. McEwen B. Morrison J. (2013). The Brain on Stress: Vulnerability and Plasticity of the Prefrontal Cortex over the Life Course. Neuron, str. 79
22. Moreira J. F. G., Telzer E. H. (2015). Changes in family cohesion and links to depression during the college transition. Journal of Adolescence. 43, 72–82.
23. Nožica, N. (2014). Savjetovalište za studente: Zdrava prehrana za vrijeme studija. Zagreb, http://savjetovaliste.tvz.hr/briga-o-zdravlju/zdrava-prehrana-za-vrijeme-studija/
24. Parkes, C.M., & Weiss, R.S. (1983). Recovery from bereavement. New York: Basic Books.
25. Pearlin, L. I. (1989). The sociological study of stress. Journal of Health and Social Behavior, 30, 241-256.
26. Rathus, Spencer A. (2000). Temelji psihologije. Zagreb: Naklada slap.
27. Светската здравствена организација (СЗО)
28. Selye, H. (1980). The stress concept today. In I. L. Kutash & L. B. Schlesinger et al. (Eds.), Handbook on stress and anxiety (pp. 127–129). San Francisco: Josey-Bass.

29. Spirito A., Francis G., Overholser J., Frank N. (1996). Coping, depression and adolescent suicide attempts, Journal of Clinical Child Psychology, Vol.25, No.2, 147-155.
30. Taylor, S.E., & Aspinwall, L.G. (1996). Mediating and moderating processes in psychosocial stress. In: Kaplan, H.B. (ed.). Psychosocial stress. New York: Academic Press.
31. Walsh J. M., Feeney C., Hussey J., Donnellan C. (2010). Sources of stress and psychological morbidity among undergraduate physiotherapy students. Physiotherapy 96, 206–212.
32. Чепреганов М. (2014). Стресот и ние, Култура, Скопје.
33. https://wol.jw.org/mk/wol/d/r102/lp-mc/102005082#h=9
34. http://www.apa.org/helpcenter/stress-kinds.aspx
35. Википедија

ПРИЛОГ

Анкетен прашалник

Почитувани студенти, ве замолувам да одвоите малку време за да го пополните овој анонимен прашалник. Целта на анкетниот прашалник е истражување на нивото и изворите на стрес кај студентите. Податоците добиени од овој прашалник ќе се искористат за подготовка на магистерски труд, а добиените резултати ќе бидат објавени во истиот. Ве молам да го заокружите одговорот што најмногу одговара на вашиот избор.

Основни информации:

Пол:

- □ Машки
- □ Женски

Година на студии:

- □ Прва година
- □ Втора година

Возраст:

_____год.

Националност:

- □ Македонец/ка
- □ Албанец/ка
- □ Друго _____

Во табелата што следи наведете во која мера се согласувате или не се согласувате со долупонудените тврдења, така што ќе го одберете одговорот кој најмногу ви одговара.

На пример:

1. - воопшто не се согласувам
2. - не се согласувам

3. - делумно се согласувам
4. - се согласувам
5. - апсолутно се согласувам

Прашање бр.	**Прашалник за нивото и изворите на стрес кај студентите**	**1**	**2**	**3**	**4**	**5**
1.	Часовите и предавањата во мене будат чувство на задоволство.	□	□	□	□	□
2.	По завршувањето на часовите немам желба за извршување на моите секојдневни активности.	□	□	□	□	□
3.	Честопати имам главоболка.	□	□	□	□	□
4.	Во текот на студиите мислам дека неадекватно и нездраво се хранам.	□	□	□	□	□
5.	За време на колоквиумската недела чувствувам немир и прекумерено потење на дланките.	□	□	□	□	□
6.	Чувствувам страв од претпоставените професори.	□	□	□	□	□
7.	Имам проблем со концентрацијата за време на предавањето.	□	□	□	□	□
8.	После предавањата се чувствувам уморено.	□	□	□	□	□
9.	Чувствувам недостаток на сон.	□	□	□	□	□
10.	Ми недостасува мотивација.	□	□	□	□	□
11.	Јавните настапи/усни презентации кај мене предизвикуваат низа на симптоми како: забрзано чукање на срцето, потење, црвенило, промени во тонот на гласот и сл.	□	□	□	□	□
12.	Немам доволно време за рекреативни активности.	□	□	□	□	□
13.	Студирањето предизвикува стрес во мојот организам.	□	□	□	□	□
14.	На скала од 1-5 (1 - не е стресно, 5 - многу е стресно), оценете го нивото на стрес што мислите дека ви го предизвикува студирањето.	□	□	□	□	□

Ви благодарам!